# ТРАНСПОРТ ЛОГИСТИКА

ИНФОРМАТИВЕН

ISSN 1857-7962 ■ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК ■ број 145 ■ декември 2017 ■ www.amerit.org.mk

## ИНТЕРВЈУ

ГОРАН СУГАРЕСКИ

Министер за транспорт и врски

**СЕ ЗГОЛЕМУВА ИНТЕРЕСИРАЊЕТО ЗА РАБОТА НА ТРАНСПОРТЕРИТЕ ДОМА, А И ВО СТРАНСТВО**



## ТЕМА НА БРОЈОТ

Македонските транспортни вечни дилеми и трилеми

**ВОЗАТ ПОВЕЌЕ ЖЕЛБИ, НАДЕЖИ И ВЕТУВАЊА, ОТКОЛКУ ПАТНИЦИ И СТОКИ!?**

## ТРАНСПОРТНА ЕКОНОМИЈА

Во услови кога општата мобилност значајно се зголемува

**ПРОБЛЕМИТЕ НА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ТРАНСПОРТОТ**

TRAEKT.MK



РЕЗЕРВАЦИЈА НА ТРАЕКТ, ТУНЕЛ, МОСТ, ВОЗ
ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Тел: **02 32 98 967** | e-mail: **traekt@amerit.org.mk** | **www.traekt.mk**




# Две години гаранција за MAN оригинални делови

MAN


SCANIA
R410
ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ ВАЖЕН БИЗНИС – ВАШИОТ!
Совршенството е неограничено. Тоа го знаеме од памтивек. Познати сме по својата посветеност за подобрување и постојано поместување на границите. Нашите решенија се приспособени на Вашиот бизнис со само една цел – зголемување на вкупната економија на работење и подобрување на профитот на Вашата компанија.
Секој камион се користи на различен начин така што и сервисирањето треба да се разгледува поединечно. Со новата услуга и со флексибилниот план за одржување, ќе се погрижиме за Вашиот камион така како што треба. Врз основа на нашето искуство, знаење и добиените информации, ќе подготвиме план за одржување на Вашето возило, и ако биде потребно, ќе го приспособуваме на начин на кој се менува и Вашиот бизнис.
Откријте ја новата генерација на Scania камиони и услуги, креирани да бидат во согласност со Вашиот бизнис.
За повеќе информации посетете ја веб-страницата www.scania.com
SCANIA
Сканиа Македонија ДООЕЛ
ул. „34“ бр.7, Илинден, 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 70 31 15 06 I e-mail: info@scania.mk




АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Ваш **ВЕРЕН ПАРТНЕР**
за **ДКВ картички**

тел: +389 (0)2 32 98 967 лок. 108 | моб: +389 (0)76 34 40 40 | факс: +389 (0)2 32 98 968 | e-mail: dkv@amerit.org.mk

**ОНАМУ КАДЕ ШТО СТЕ ВИЕ.**




АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ




MakedonijaSoobrakajAMERIT

ул. „1506“ бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 | www.amerit.org.mk

## АКТУЕЛНО




8

По овогодишниот старт и заокружувањето на портфолиото на услуги

**Мото АМЕРИТ за в година најавува уште посилен ангажман на пазарот**

## ТЕМА НА БРОЈОТ



9

Македонските транспортни вечни дилеми и трилеми

**Возат повеќе желби, надежи и ветувања, отколку патници и стоки!?**

## ИНТЕРВЈУ



13

Горан Сугарески,
Министер за транспорт и врски

**Се зголемува интересирањето за работа на транспортерите дома, а и во странство**

### 12 АКТУЕЛНО

Со измени на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата

**Тинејџерите ќе полагаат на 17 години, пензионерите ќе возат до 70 години**

17 Македонските транспортни вечни дилеми и трилеми

**Возат повеќе желби, надежи и ветувања, отколку патници и стоки!?**

### 18 ТРАНСПОРТНА ЕКОНОМИЈА

Во услови кога општата мобилност значајно се зголемува

**Проблемите на идниот развој на транспортот**

### 20 РАЗГОВОР СО...

ОИЛКО КДА од Скопје

**Заслужено на водечката позиција во транспортот на опасни материи во Македонија и регионот**

### 22 ЦАРИНА

Преку твининг-проект финансиран од ЕУ

**Царинска управа на Македонија ги зајакнува институционалните и оперативните капацитети**

### 24 МЕТРОПОЛА

Со буџетот на Град Скопје за идната година

**Зглобни електрични автобуси за ЈСП, но и субвенции за приватните превозници**

### 25 ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Меѓународна конференција „Посилна регионална интеграција на Балканот" во Софија

**Светска банка со проект од 150 милиони долари ќе ја олеснува трговијата на Западен Балкан**

### 26 МЕРИДИЈАНИ

Во потрагата по комерцијално возило на иднината

**ИРУ смета дека електричните возила се дел од решението**

27 Со цел обезбедување еднакви можности со мажите, но и како решение за недостигот на возачи

**ИРУ се залага за поголемо ангажирање на жените во транспортот**

### 28 БЕЗБЕДНОСТ

До ноември поради непочитување на сообраќајните правила

**Во Македонија 139 загинати и 7.330 сообраќајки**

29 Со потпишување на спогодба на националните бироа за осигурување

**Побрз надомест на штета при сообраќајка во Албанија**

ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Адреса:
бул. Партизански одреди 17/4, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 224
Факс: 02 32 98 968
e-mail: amerit@amerit.org.mk
Web: www.amerit.org.mk
Facebook: MakedonijaSoobrakajAMERIT
жиро-сметка: 320100023724261
Депонент: Централна кооперативна банка АД
Даночен број: 4030000394212

ТЕКСТОВИТЕ И ФОТОГРАФИИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ

Адреса:
ул. „1506" бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 967
Издава:
СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ
Подготвува и уредува:
Здружение за комуникација со јавноста „Контакти" - Скопје
Дизајн и печатење:
Експресив графикс, Скопје
Лектура:
Матилда Саздова




# КОМПЛЕТНИ ТРАНСПОРТНИ РЕШЕНИЈА

ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЈАВЕТЕ СЕ НА +389 2 2653 269
И ПОСЕТЕТЕ ЈА НАШАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА
WWW.VOLVOTRUCKS.MK

Volvo Trucks. Driving Progress

По овогодишниот старт и заокружувањето на портфолиото на услуги







# МОТО АМЕРИТ ЗА В ГОДИНА НАЈАВУВА УШТЕ ПОСИЛЕН АНГАЖМАН НА ПАЗАРОТ

Во текот на 2018 година, МОТО АМЕРИТ ќе се стреми своите услуги повеќе да ги доближи кон граѓаните со обезбедување на поволности во поглед на овозможување на попусти и бенефиции при плаќањето, како и на бесплатни превентивни технички прегледи на возилата

МОТО АМЕРИТ ДООЕЛ – Скопје, најмладата организациона единица во семејството на СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ, која годинава стартуваше и го заокружи своето работење со целокупното портфолио на услуги, веќе за в година најавува нов и посилен ангажман со полн, односно со максимален капацитет. Имено, како што вели м-р Иван Илиевски, раководител за развој на новиот правен субјект во системот на АМЕРИТ, во текот на 2018 година, МОТО АМЕРИТ ДООЕЛ ќе се стреми своите услуги повеќе да ги доближи кон граѓаните, со обезбедување на поволности во поглед на овозможување на попусти и бенефиции при плаќањето, како и на бесплатни превентивни технички прегледи на возилата, сè со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата и намалување на загаденоста на животната средина. Сето тоа е во согласност со прокламираната цел за давање на најквалитетни услуги, како за своите, односно за членките на АМЕРИТ, кои ќе имаат можност за голем број на придобивки и посебни услови за користење на услугите, така и за сите моторизирани граѓани во државата.

– И в година, во МОТО АМЕРИТ транспортните компании како и физичките лица ќе можат да користат палета од најразлични услуги. Техничкиот преглед и регистрацијата на возилата се нови услуги во МОТО АМЕРИТ и се наменети за сите физички и правни лица, кои во согласност со позитивните законски прописи треба да вршат технички преглед и регистрација на возилата. Услугите се даваат во новиот најсовремен објект во Момин Поток, кој е граден согласно со сите стандарди и е ултрамодерен, располага со најсовремен деловен простор и со модерна хала, во согласност со сите законски прописи за извршување на услугите. Халата за технички преглед е опремена со најсовремена опрема од последната генерација на германскиот производител МАНА, како и со опрема од реномираните производители како што се TESTO и MAAT. МОТО АМЕРИТ е овластена техничка служба, согласно со законските прописи во државата, со што се овозможи испорачување на поголем број услуги, како што се: единечно одобрување на возилата или попознато – хомологација на возилата, одобрување на преправените возила, евидентирање на промените на возилата, утврдување и втиснување на идентификациони броеви на возилата... Услугите се наменети за сите физички и правни лица, кои вршат увоз на возила од странство и за сите видови возила: патнички, товарни, приклучни, автобуси. Со овие услуги ќе се овозможи завршување на комплетната постапка, од увоз на возило до негова регистрација на едно место – вели Илиевски.

Во МОТО АМЕРИТ посебно внимание се обрнува на услугите кои се наменети за транспортерите кои вршат превоз на стока и патници, и тоа: ЦЕМТ–ЕКМТ прегледи за возила кои вршат превоз на стока во меѓународниот превоз, и издавање на Сертификат за подготвеност на возилото за сообраќај, кој е еден од неопходните документи за добивање за транспортни дозволи од Министерството за транспорт и врски. За превозниците кои превезуваат опасни материи, во МОТО АМЕРИТ се нуди услуга за инспекција на возилата, согласно со Законот за превоз на опасни материи и меѓународната спогодба за превоз на опасни материи во патниот сообраќај АДР, по што стручната служба на Друштвото издава Сертификат за исправност на возилото за превоз на одредени опасни материи. Тука е достапна и услугата за проверка/испитување на резервоарите, согласно со стандардот МКС EN 12972:2015, а проверката се однесува на цистерните, нивната конструкција и опремата, како и услугата за преглед на возила кои превезуваат расипливи производи и издавање на соодветни Сертификати за возилата, во согласност со меѓународната АТП-спогодба чиј потписник е и Република Македонија. Исто така, МОТО АМЕРИТ на сите транспортери им ја нуди и услугата за калибрација на аналогни и дигитални тахографи, како и симнување и чување на податоци од нив, што инаку е законска обврска, согласно со Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници, возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, според кој транспортните компании мора да ги чуваат записите во времетраење од две години.

Квалитетот на услугите во МОТО АМЕРИТ се потврдува со воведување и имплементирање на системот за квалитет МКС ISO 17020:2012, согласно со кој се спроведува постапка на акредитација од страна на Инситутот за акредитација на Република Македонија. Покрај тоа, МОТО АМЕРИТ располага со стручен кадар, кој во целост ги исполнува потребните квалификации согласно со пропишаните законски барања и со кој се врши континуирана обука бидејќи станува збор за материја, која трпи секојдневни промени како во практичната работа, така и во делот на законските и подзаконските акти кои се усогласуваат со европските прописи.

Ј.С.Б.

Македонските транспортни вечни дилеми и трилеми




# ВОЗАТ ПОВЕЌЕ ЖЕЛБИ, НАДЕЖИ И ВЕТУВАЊА, ОТКОЛКУ ПАТНИЦИ И СТОКИ!?

Веќе со почетокот на декември, а многумина од патните транспортери и малку порано, започнаа да ги коваат своите планови за наредната година, оптоварени со многу од актуелните проблеми во оваа дејност

Крај на годината, финале на уште една низа од 12 месеци, каде што секој сериозен граѓанин ги сведува сметките за тоа што постигнал во бизнисот, колку од планираното реализирал, што и како понатаму во годината што следува, нови планирања и за таа и за годините по неа...и така долгорочно, до каде што досегаат знаењето, оптимизмот, расположивите капацитети и можности и секако - чергичето. Кога се во прашање и бизнисот, и обичниот граѓанин, најчесто се симболизира џебот, односно капиталот потребен за реализација на планираните активности, проекти и зафати кој секогаш недостасува или, како што велиме, „чергичето е постојано кусо“ и не секогаш овозможува да се остварат некои наши идеи, планови, соништа. Во тој момент, во таа фаза сè се пополнува со нашите желби и надежи, а и со нечии ветувања, најчесто од оние од кои ни зависи бизнисот, работата, животот... Ваква некако, пред крајот на секоја година е состојбата и со македонските патни превозници, кои веќе со почетокот на декември, а многумина и малку порано, ги коваат своите планови за наредната година. Притоа, секоја фирма или граѓанин, мораат да се свртат и кон назад, кон годината што изминала и кон претходните години. Тогаш, како своевидни хроничари на сето она што претходно со години им се случувало на македонските патни транспортери по домашните и меѓународните патишта, се вклучуваме и ние кога станува збор за годината што изминува, а на чие искуство и многумина од превозниците (ќе) ги градат своите планови за в година. Имено, во годината која е на истек, македонските патни превозници, според она што го навеле кај нашите новинари, си поминале, што се вели, „весело“. Само за илустрација ќе наведеме дека блокади по патиштата веќе не им се случуваат само дома, односно на Балканот туку и во Европа без граници, и тоа, не само на границите со земјите со кои граничат државите кандидати за членки или нечленките на Европската Унија, туку и во срцето на Унијата. Причините за тоа се веќе добро познати: секакви видови шверц и корупција, разни штрајкови и протести (Грција, Бугарија, Турција), нефункционалност и неажурност на граничните органи, последици од бегалската криза и разни меѓусебни спорови (Италија, Хрватска, Словенија, Унгарија), тероризам (Германија, Франција, Англија, Белгија) и секако најстрашното зло – војната (Украина и околните земји). Ако на ова се додаде вистинската поплава од нови забрани и такси (патни, гранични, еко-такси), регулативи и прописи (за работното време и дозволеното време за одмор на возачите, за минимална плата, за (не)дозволено количество гориво што може да го имаат транспортерите во возилата, низата станува голема, огромна и тешко совладлива „без последици“, за кој било транспортер од овие простори. Всушност, без штети, екстра-трошоци и загуби во работењето – практично не се може. Ова, е нормална состојба и амбиент кога е Балканот во прашање, каде што, згора на сè, транспортните блокади се резултат и на лошата инфраструктура – гранична и патна, а и на традиционалните самоволија (на поединци, групи и колективи), на лошата и недоусогласена (со онаа на ЕУ) регултива...и на сè и сешто. Колку е ситно и наивно (паднал и не работи нечиј компјутерски систем), неразумно и несфатливо (нема луѓе, односно цели смени на одредени гранични служби) некому да изгледа како причина за нарушување на сообраќајните, односно на транспортните текови. Ако се фрли поглед кај нас во земјава, исто така има што да се види. Од сето погорекажано по малку, а тука и таму – и уште нешто. Од незадоволства како резултат на политичката криза, па сè до стандардно лошата регулатива, поради што речиси постојано се вршат измени и дополнувања на веќе изменетите и дополнети законски решенија, прописи, правилници... Токму затоа, кога станува збор за она што „им тежи“ на македонските патни транспортери и за тоа како гледаат и што очекуваат од годината која е пред нас, одговорот го побаравме кај нив самите. Од малата анкета, која со нив ја реализиравме, евидентно беше дека оние што учествуваат во меѓународниот патен сообраќај, кој е носител на главните и најголеми приходи од оваа дејност кај нас – актуелна е (не)обезбеденоста на најбараните транспортни документи – транспортните дозволи, чија распределба беше извршена неодамна. Тие се еден од најважните услови за добро и успешно работење на транспортните фирми, кои вршат меѓународни превози на стоки.

– Во годината која е на прагот, ќе биде многу неизвесно, со сите случувања околу транспортните документи, односно со транспортните дозволи, токму поради наја-

www.amerit.org.mk

вите за промени во нивната распределба, при што се заговара во иднина да нема задржување на ЦЕМТ-дозволите од година во година, што досега се правеше заради нивна добра искористеност – вели Горан Арсовски, од транспортната фирма „Трансфер" ДОО од Куманово. Ако се случи ова, што го заговараат некои лоби-групи, сметам дека континуитетот во работењето нема да може да се одржи. Покрај ова, кога станува збор за дозволите, кај нас не постои систем на контрола на транспортните дозволи на границите, па сега имаме наплив од српски транспортери од јужниот дел на Србија, а никој не ги контролира какви дозволи тие користат. Во делот на цените на транспортот, што е постојано ранливо прашање, на кое често се реагира, според мене, пазарот е тој што го одредува самото работење на транспортерот. За в година, меѓу другото, најмногу стравуваме и од движењето на цените на горивото, и тоа и на меѓународниот пазар, а од Нова година и кај нас, со зголемувањето на акцизата за нафтата. Со речиси истата реакција нè пречека и Богданка Боева, финансов директор на „Кав комерц" од Кавадарци, која исто така како проблем за работењето во наредната година ги наведува транспортните дозволи, од кои, како што вели, биле непријатно изненадени и при ланската и при последнава, неодамнешна распределба на овие транспортни документи.

– Овие дозволи се даваат и за билатерални превози, што не во ред, а што ни создава проблеми затоа што, на пример, ние имаме набавено 25 нови возила, а добивме само 15 ЦЕМТ-ови, што е многу малку за работа со Турција, со која почесто транспортираме. Притоа сме оптоварени со ограничување од 7 до 10 дена за повторен влез во оваа земја, ако тоа следува непосредно по претходно извршениот транспорт. Проблемот со ЦЕМТ-дозволите го имаме по вторпат, односно го имавме и при ланската распределба во овој период, кога со овој значителен возен парк тогаш добивме само 12 дозволи. Значи, имаме возила, но немаме дозволи – вели Богданка, која реагира и на нешто што се случувало порано, а тоа е веќе од април да снемува турски дозволи од и за трета земја, за потоа да има само билатерални од кои ефектот во работењето е послаб. Подобрување на состојбата во овој дел гледаме само ако се зголеми квотата на поединечни транспортни дозволи за трети земји – вели Боева, која како проблем го наведува и тоа што, транспортерите кај нас се на некој начин дискриминирани да увезат нафта за реализирање на сопствените транспорти.

– Конкретно, наоѓаме нафта од Грција, каде што нафтениот пазар е либерализиран и каде што таа е поевтина, но, за жал, кај нас, во услови кога секој има право и законски му е дозволено да си увезе нафта во државава, транспортерите се законски исклучок од тоа и немаат право на таков увоз иако ова гориво им е неопходно во работењето.

Со слични ставови и гледишта како неговите колеги е и Илчо Наќев, сопственик на транспортната фирма „Ивица транс" од Штип:

– Следнава година очекуваме само да преживееме, а не нешто повеќе. Ако треба да издвојам некои покарактеристични проблеми во дејноста, прво е тоа што нема транспортни работници, па сите сме и сопственици и директори, и возачи и механичари во фирмите. Стандардно, тука е и проблемот со транспортните дозволи, што



ТРАНСПОРТЕРИТЕ СТРАВУВААТ ЗА СВОЕТО РАБОТЕЊЕ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД, ОСОБЕНО ПОРАДИ НЕДОСТИГОТ НА ТРАНСПОРТНИ ДОЗВОЛИ И ДВИЖЕЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА ГОРИВАТА, А ОПТИМИЗМОТ ГО ГРАДАТ ГЛАВНО НА НЕКОИ НАЈАВИ ОД НАДЛЕЖНИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ АМБИЕНТ ВО ЗЕМЈАТА

не можеме да ги обезбедиме според потребите, па така, иако ние поседуваме девет „еуро 6" возила, неодамна, по распределбата добивме само четири ЦЕМТ-ови. Ова е од корпусот на традиционални и со години нерешени проблеми. Едноставно се отворија многу нови транспортни фирми, па има можеби и 2.000 возила повеќе на пазарот, а ист е бројот на дозволи, така што мислам дека ресорното министерство треба да стави некој лимит во бројот на фирмите. Лично јас, имам 15 возила и 20 вработени. Работа има, ама нема дозволи, нема работници, па згора на тоа дивите превозници вртат пари во кеш, а ние легалните мораме сè преку трансакциски и жиро сметки – додава Наќев.

Дека се не може да биде исто како претходно и дека сепак транспортерите следнава година може и треба да очекуваат некое, какво-такво подобрување во амбиентот за нивното работење, се чини се погрижија политичарите и кај нас, и во соседството. Ова се однесува пред сè на ноемвриско-декемвриските седници и средби на нашата влада и премиерот Зоран Заев со колегите од Бугарија, Албанија, Србија и Косово, на кои подобрувањата во транспортот, (до)изградбата на транспортните коридори 8 и 10 , како и подоброто фукнционирање на граничните премини и на транзитот низ државите беа во средиштето на разговорите и на потпишаните договори. Така, за илустрација, на заедничката седница на владите на Македонија и на Бугарија, што се одржа во Струмица, каде што се потпишаа неколку спогодби за соработка во повеќе области, со меморандум се официјализира и најавата за намалување на меѓународните тарифи за роаминг во телекомуникациските услуги, што ќе значи пониски трошоци и за транспортерите. Беше потпишан и договор за интензивна соработка во туризмот, за зголемување на меѓусебните туристички посети и заедничко учество на туристичките саеми, како и за заеднички настап на трети пазари во оваа дејност, што индиректно ќе донесе бенефити и за автобуските превозници во земјава. Исто така, беше потенцирана важноста од интензивирање на активностите околу отворањето на планираните нови гранични премини, особено на граничниот премин Клепало – Сандански, со што ќе се овозможи полесна комуникација и движење меѓу двете земји.

На заедничката седница на владите на Македонија и Албанија, одржана во Поградец, стана збор за договореното (во Трст) создавање регионална економска зона, за унапредување на меѓусебната поврзаност и на инфраструктурата во рамките на Коридорот 8, односно пругата од Кичево до Лин, што на Македонија ќе ѝ го отвори патот до пристаништето Драч, како и за олеснување

на размената на стоки и услуги, при што било разговарано и за воведување на еднопасошка контрола на граничниот премин Ќафасан, и за можноста за патно поврзување помеѓу двете земји кај Дебар.

Од средбата и разговорите во Белград на нашата владина делегација, предводена од премиерот Зоран Заев и српската премирка Ана Брнабиќ, (кои прелиминарно договорија заедничка седница на двете влади кон крајот на февруари или во почетокот на март 2017 година, во Куманово), се дозна дека станало збор и за завршување на Коридорот 10 во јужниот крак и за изградбата на пругата Будимпешта – Скопје, а од она што треба да следува во идната година меѓу двете држави и што е особено битно за транспортерите, секако е и тоа што Македонија и Србија од март следната година ќе воспостават заедничко царинење на граничниот премин Табановце при што, е договорено за да се постигне рамнотежа на царинските постапки, контролните методи понатаму да се модернизираат и да се зајакне соработката помеѓу царинските служби. Владите на двете земји ја поддржуваат и идејата за поедноставување на царинската постапка за да се прекинат редиците на камиони преку можноста за заедничко царинење преку еден царински терминал и со цел границата да се минува без задржување и чекање.

Изградбата на патната инфраструктура и автопатското поврзување, кое ќе биде силна основа за развој на економската соработка, како заеднички царински терминал на кој максимално ќе се олеснат процедурите и царинската постапка ќе се сведе на едноставна формалност, беа дел од транспортните теми на средбата на владините делегации предводени од премиерот Зоран Заев и Рамуш Харадинај, одржана во Приштина. Од наша страна, е изразено настојувањето делницата Скопје – Блаце, во должина од 12,5 км, да ја следи динамиката на работите на делницата од Приштина до македонската граница, при што новиот автопат ќе ја олесни комуникацијата помеѓу Скопје и Приштина, ќе го зголеми транспортот и трговијата и ќе ја унапреди економската соработка помеѓу Македонија и Косово.

Ако на сето ова се додаде Меѓународната конференција „Посилна регионална интеграција на Балканот", неодамна одржана во Софија, каде што исто така учествуваше македонска владина делегација, предводена од премиерот Заев и каде што беше најавено дека Светска банка ќе го поддржи Проектот за олеснување на транспортот и трговијата во регионот, со вкупна вредност од 150 милиони долари, се чини нешто ќе се менува на подобро во делот на транспортот на овие простори. Тоа, меѓу другото, треба да обезбеди низа поволности и за македонските патни транспортери, кои со внимание ги следат сите овие случувања и интензивната меѓународна активност и на нашата, но и на владите од околните земји, при што транспортот, Коридорите 8 и 10, транспортните олеснувања и подобрувањето на граничните премини се меѓу приоритетните прашања и теми за разговор.

## ТРАНСПОРТОТ, КОРИДОРИТЕ 8 И 10, ТРАНСПОРТНИТЕ ОЛЕСНУВАЊА И ПОДОБРУВАЊЕТО НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ БЕА МЕЃУ ПРИОРИТЕТНИТЕ ПРАШАЊА И ТЕМИ ЗА РАЗГОВОР ВО ИНТЕНЗИВНАТА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ НА МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА И НА ВЛАДИТЕ ВО РЕГИОНОТ ВО ПОСЛЕДНИВЕ МЕСЕЦИ




Разбирливо е дека сето ова треба да се сведе на конкретни активности во самите држави, а нешто во таа насока, според одредени информации, кај нас веќе и се случува. Тоа го посочува и Димитар Цеков, управител на транспортната фирма ОИЛКО КДА, кој наведува дека за позитивните финансиски резултати во 2017 година на оваа компанија, свој придонес даде Владата и нејзините активности околу либерализацијата на превозот и отстранувањето на режимот на дозволи и кампањите околу зголемувањето на безбедноста во сообраќајот, потоа мерките за сузбивање на нелојалната конкуренција во транспортниот сектор, подобрувањето на квалитетот на регулативата, со цел да се подобрат условите за работа, како и да се овозможи зголемување на конкурентската способност на транспортните компании во и надвор од државата.

– Со тоа, делумно се подобри состојбата на македонскиот транспортен пазар, меѓутоа и понатаму квалитетот на услугата останува да биде маргинализирана ставка во понудите за транспорт – вели Цеков, според кого граничните блокади, должината на царинските процедури, како и временските ограничувања за тешките товарни возила во зимските и во летните месеци, и во 2018 година ќе бидат основните елементи, кои ќе влијаат на рентабилното и ефикасно работење на транспортерите во Република Македонија, за што, како главни проблеми тој ги издвојува непредвидените затворања на границите од нашиот јужен сосед, штрајковите на грчките царински органи, дополнителните давачки на царинските терминали, вонредните финансиски трошоци на граничните премини со Бугарија и Албанија, и секако, блокадите на нашите патишта во зимно време, поради ненавремено и неквалитетно чистење на регионалните патни правци. Цеков наведува и дека транспортерите, а и самата АМЕРИТ, неколку години бараат т.н. „зелена брза лента" на граничните премини, но досега тоа никако да се реализира. Како сериозно оптоварување за транспортерите во наредниот период, тој го наведува движењето на цените на горивото на меѓународниот, а и на домашниот пазар, ама сепак е оптимист кога станува збор за прогнозите за транспортот во 2018 година. Тој оптимизам, го заснова на неколку параметри:

– Тоа се најавите дека в година ќе се исполнат дел од барањата на транспортните компании за нови транспортни олеснувања, во кои се вбројуваат поевтини ТИР- карнети, потоа побрзи транспортни и други постапки, овозможување рамноправно учество на европскиот транспортен пазар и за превозниците од малите земји, како што е Македонија, како и ветувањата од Владата и ресорните министерства дека ќе биде преземено сè за подобрување на економскиот амбиент во земјата догодина – децидeн е Цеков.

Што и колку од овие за многумина посакувани оптимистички прогнози, од најавите на нашата Влада и на оние во регионот, ќе се реализира реално, останува да видиме во 2018 година, која е на прагот. Ако се остварат, тогаш може да кажеме дека нешто се движи (на подобро) и во македонскиот патен транспорт и во овој дел на Европа. Ако не, ќе мора да признаеме дека нашите патни превозници и натаму (ќе) возат повеќе желби, надежи и ветувања, отколку патници и стоки!

Ј.Б.

www.amerit.org.mk

Со измени на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата



# ТИНЕЈЏЕРИТЕ ЌЕ ПОЛАГААТ НА 17 ГОДИНИ, ПЕНЗИОНЕРИТЕ ЌЕ ВОЗАТ ДО 70 ГОДИНИ

Целта на овие законски измени е регулирање и унапредување на состојбите во однос на поголема безбедност во сообраќајот на патиштата

Тинејџерите ќе може да се стекнат со право на оспособување за управување со автомобил, односно моторно возило од „Б" категорија, доколку наполниле 17 години, наместо досегашните 16 години, а горната граница во однос на важење на рокот на возачката дозвола ќе биде над 70 години, а не како досега над 65. Ова се предвидува во измените на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, што се носат по скратена постапка, а кои неодамна се најдоа во собраниска процедура, при што со нив се врши усогласување со европската практика во насока на регулирање на работата на автошколите и зголемување на границата за стекнување возачка дозвола и управување со моторно возило.

Освен зголемувањето на возраста за стекнување право за оспособување за управување автомобил, се предлага и бришење на критериумот – тинејџерите да имаат одличен успех и примерно поведение. Истовремено, измените предвидуваат на лицата, кои во време на издавањето на возачката дозвола имаат повеќе од 55 години возраст, возачка дозвола да им се издава со рок на важност до денот на наврвувањето на 70 години возраст, наместо досегашните 65 години. Притоа, лицата на 70 години кои ќе сакаат да ја продолжат возачката дозвола, ќе подлежат на задолжителни контролни здравствени прегледи, а дозволата ќе им се издава со важност од три години. Покрај тоа, стручните раководители во автошколите нема да треба да поседуваат возачка дозвола за сите категории А, Б, Ц и Д туку само за категориите за кои автошколата има лиценца. Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата е релативно нов закон, од 2015 година, и беше усвоен со европски предзнак, што укажува дека во најголем дел е усогласен со регулативите на Европската Унија. Целта на измените, како што се вели во предлогот за нивно донесување поднесен од пратеничката група на СДСМ, е регулирање и унапредување на состојбите во однос на поголема безбедност во сообраќајот на патиштата, како и воспоставување на соодветни и фер-критериуми за остварувања на правата на возачите на сите возрасти и од сите категории.

Ј.С.Б.

Се менува и Законот за превоз во патниот сообраќај

## Таксистите нема да полагаат за меѓународен сертификат по англиски јазик

Овие законски измени се очекува да бидат изгласани по Нова година




Ќе се укинува условот такси-превозниците задолжително да поседуваат меѓународен сертификат за познавање англиски јазик – ова го предвидуваат измените во Законот за превоз во патниот сообраќај, за кои неодамна почна процесот на подготовка, како и фазата на прибирање мислења на Единствениот регистар на прописи. Како што е познато, сегашните законски прописи во оваа област предвидуваат превозникот, покрај останатите услови, да има вработено и автотакси возачи во зависност од бројот на возила кои ги поседува, или минимум еден возач од возило и тие да поседуваат меѓународен сертификат за познавање англиски јазик на ниво А1 или А2, според Заедничката европска референтна рамка за јазици (CEFR) на Советот на Европа.

– Целта на предлог-законот е бришење на условот за поседување на меѓународен сертификат за познавање на англиски јазик на ниво А1 или А2 кој се однесува за автотакси возачи – пишува во образложението за предлог-законот чии законски измени се очекува да бидат изгласани по Нова година.




# СЕ ЗГОЛЕМУВА ИНТЕРЕСИРАЊЕТО ЗА РАБОТА НА ТРАНСПОРТЕРИТЕ ДОМА, А И ВО СТРАНСТВО

Кај нас, во Министерството за транспорт и врски се гледа раздвижување и во патничкот и во товарниот сектор што ми дава за право да гледам оптимистички за патниот транспорт во 2018 година

» **Господин Сугарески, на крајот на секоја година вообичано се прават рекапитулари, се сведуваат резултатите, сметките, па и впечатоците за изминатите 12 месеци. Кое е Вашето видување за македонскиот патен транспорт во 2017 година, и во товарниот и во патничкиот сегмент, каде што се чини дека нашите транспортни компании се судираа со малку повеќе проблеми на меѓународните релации, отколку дома, односно во земјава, и кои се Вашите прогнози во пресрет на 2018 година, во врска со оваа најдинамична област на економијата?**

– Јас сум секогаш оптимист и очекувам 2018 година да биде година на заздравување на транспортниот сектор. Не го говорам ова без причина туку поради фактот што интересирањето за работата на транспортните компании се зголемува дома, а и во странство. Кај нас, во Министерство за транспорт и врски се гледа раздвижување и во патничкот и во товарниот сектор, што ми дава за право да гледам на работите оптимистички. Во изминатиот период, напорно преговараме и со трети земји за зголемување на дозволите за работа бидејќи, како што кажав, интересот е сè поголем. Очекуваме за одредени земји да добиеме дополнителни дозволи што дава дополнителен стимул за домашните транспортери. Моментално, транспортниот сектор во земјава го надминува железничкиот превоз на стока што е показател колку оваа дејност е значајна за домашната економија. Оттука, очекувам 2018 година да биде многу подобра и поизвесна во однос на 2017 година. Ги охрабрувам домашните транспортери и компании, а државата како и досега ќе ги штити нивните интереси. Во однос на 2017 година, сакам само да споменам дека беше многу турбулентна за овој сектор и се надевам дека брзо ќе ја заборавиме, само во интерес на раст на економијата.

» **За почетокот на новата 2018 година е најавено стапување во сила на одредбите од ЕКМТ-Повелбата за квалитет во патниот транспорт во Европа, која претставува нов стратешки документ за меѓународниот патен сообраќај на стариот континент. Повелбата донесува низа новини, пред сè во делот на (до)обуките на транспортерите и сертифицирањето**

www.amerit.org.mk



ИМАМЕ ПОТРЕБА ОД ДОПОЛНИТЕЛНИ ТРАНСПОРТНИ ДОЗВОЛИ И ВО ТАА НАСОКА ЌЕ ГИ ЗАСИЛИМЕ БИЛАТЕРАЛНИТЕ СРЕДБИ СО ДРЖАВИТЕ НА КОИ ЌЕ СЕ НАСТОЈУВА ДА СЕ ДОБИЕ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КВОТАТА НА ДОЗВОЛИ КОИ ГИ РАЗМЕНУВАМЕ

**на нивните кадри, каде што од Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ, најголемата транспортна асоцијација во светот и еден од коизготвувачите на овој документ се бара и усогласување на националните барања за обука со официјално признаените меѓународни норми или со програмите и стандардите на ИРУ-Академијата што во Македонија најдиректно ги применува Центарот за обука на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ. До каде се активностите во Вашиот ресор за ова усогласување?**

– Во однос на ова прашање сакам да споменам дека работиме на законските измени во кои целосно ќе бидат инкорпорирани одредби со цел усогласување со Повелбата за квалитет во патниот транспорт во Европа. Измени во таа насока ќе претрпат и Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај.

» **На крајот на оваа година, во Министерството за транспорт и врски се реализира можеби најважниот чин и момент за транспортерите на стоки – распределбата на транспортните дозволи за наредната година, која сега се спроведе во последните денови од ноември. Кои се билансите на издадени транспортни дозволи, а особено на оние највредните, ЦЕМТ-овите?**

– Оваа година распределивме вкупно 1.520 ЕКМТ-дозволи за превоз на стока за возила со „еуро 5“ и „еуро 6“ стандард. Исто така, во текот на 2018 година на билатерална основа, со останатите држави, разменуваме околу 70.000 поединечни транспортни дозволи, билатерални, транзитни и дозволи за и од трети земји. Имаме потреба за дополнителни дозволи и во таа насока ќе ги засилиме билатералните средби со државите на кои ќе се настојува да се добие зголемување на квотата на дозволи кои ги разменуваме.

» **Истовремено, во Министерството за транспорт и врски тече процесот на либерализација на патниот транспорт со европските земји. До каде се активностите на овој план и има ли некои новитети за периодот што следува?**

– Како што напоменав и претходно, имаме во план да ги засилиме билатералните средби со државите на кои ќе бараме зголемување на квотата на дозволи кои ги разменуваме. Досега на заедничките влади што ги одржавме со Република Бугарија и Албанија ги отворивме овие прашања и во наредниот период очекуваме тие да се реализираат.

» **Владата, со самиот почеток, веднаш по именувањето, почна широка регионална иницијатива во чии рамки кај нас се одржаа 6. САМИТ 100 на бизнис-лидерите од ЈИЕ, неформалниот состанок на директорите на царинските управи од Западен Балкан, заедничките владини седници и секако билатерални ресорски средби, при што меѓу нивните приоритети беше токму патниот транспорт. Ќе продолжи ли овој тренд во иднина и какви ефекти очекувате од ваквата меѓународна активност на Владата и на овој владин ресор во регионот, а и пошироко?**

– Секако ќе продолжи, тоа е наша обврска. Еден вид патоказ за насоката на движење на идната транспортна политика на Република Македонија претставува и неодамна потпишаниот Договор за основање на транспортна заедница, каде што и официјално станавме членки. Договорот се темели на заедничкото право на Европската Унија и треба да обезбеди интеграција на транспортниот сектор на регионот во оној на Унијата. Тој, воедно, претставува и потврда на заложбите и поддршката на Унијата на политиката на проширување. Тоа ни дава за право да бидеме фокусирани на подобрувањето на услугите во транспортниот сектор не само внатре во државата туку и регионално што е и основна цел на ова заедничко дејствување. Во таа насока сум голем оптимист и верувам дека и нашите пријатели од Европската Унија ќе нè поддржат во тоа.

» **И во годинава што измина, како впрочем и во последниве неколку години, сме сведоци дека се враќа сообраќајот на нашите патишта што го имавме во периодот пред непријатните случувања во регионот од пред две и пол децении. Што покажуваат податоците од автопатските наплатни рампи и до каде се активностите за воведување на електронската наплата на патарината на автопатските делници на Коридорите 8 и 10?**

– Точно е. Имаме зголемување на бројот на возилата што се движат по автопатиштата во Република Македонија, особено во периодот на годишните одмори. Верувам дека со доизградбата на новите автопатски делници и со реконструкцијата на Коридор 10 што ја правиме во моментов во соработка со ЈПДП, тој број значително ќе се зголеми. Знаете, нашата цел е да станеме главна транзит-земја и верувам дека и ќе биде така со планираните инвестиции.

Во однос на воведувањето на електронска наплата на патарината на Коридорот 10, работите се во тек. Опремата за елек-

тронска наплата е комплетно инсталирана на новата наплатна станица Романовце на делницата Куманово – Миладиновци и обратно. Потоа, во завршна фаза се подготвителните активности за технички прием на новата наплатна станица Романовце. Во моментов се одвиваат и градежни работи со реконструкција на две наплатни станици: Сопот, делница Петровец – Велес и Отовица, делница Велес – Петровец. Исто така, во наредните денови очекуваме да започнат градежните работи за реконструкција на уште две наплатни станици Петровец, делница Скопје – Петровец и обратно и Градско, делница Велес – Градско и обратно, како и изградба на објектот во непосредна близина на наплатната станица Петровец, каде што ќе биде сместен централниот систем за наплата на патарина. Електронската наплата на патната такса ќе биде овозможена кога овој систем ќе биде во функционална состојба на повеќе наплатни станици на Коридорот 10.

За Коридорот 8 се прават анализи околу постапката за воведување на електронската наплата на патарина, за што се надеваме дека во првиот квартал на 2018 година ќе се рени и би ги разгледале сите предлози што доаѓаат од транспортните здруженија, како што тоа го правевме и до сега. Секој добар предлог што би бил реален и прифатлив за нас, ќе го земеме предвид.

**» Министерството за транспорт и врски, меѓу другото е постојано активно и со воведување новини во законската регулатива од сферата на патниот транспорт, и тоа во делот на договорите за превоз, кај јавните патишта, па и безбедноста во сообраќајот на патиштата, на што сте активни заедно со МВР и РСБСП. Дали моментално се работи на некои измени во законските акти за патниот транспорт, особено кога станува збор за оние за деловната и сообраќајна сигурност на превозниците и секако, за борбата со сивата економија во транспортот?**

Видете, нашата намера е да ги подобриме условите за работа на транспортерите, како од аспект на побрз и посигурен транспорт, така и од безбедносни причини во поглед на задолжителните одмори. Веќе споменав дека работиме на измени, кои целосно ќе бидат усогласени со Повелбата за квалитет во патниот транспорт во Европа. Како последица на тоа, измени ќе претрпат и Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за работното време, така што ќе ја унапредиме легислативата чекор понапред.

**» Министерството за транспорт и врски, МВР и АМЕРИТ пред неколку години успешно го реализираа проектот за воведување на дигиталните тахографи и мемориските картички за нив, за кои доби и соодветна меѓународна верификација. Најавено беше и се очекуваше овој проект да биде комплетиран и со воспоставувањето на неговиот контролен сегмент за што беа реализирани и обуки на лица од МВР и од Државниот инспекторат за транспорт. До каде е финализацијата на целиот овој проект?**

Колку што сум информиран, Проектот „Зајакнување на административните капацитети на Државниот инспекторат за транспорт“ е завршен во 2014 година и беше финансиран преку ИПА 1-компонентата. Времетраењето на проектот беше 18 месеци со буџет од околу 800.000 евра. Во тој период, Државниот инспекторат за транспорт во 2013 година беше опремен со нова опре-

## РАБОТИМЕ НА ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ, КОИ ЦЕЛОСНО ЌЕ БИДАТ УСОГЛАСЕНИ СО ПОВЕЛБАТА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ПАТНИОТ ТРАНСПОРТ ВО ЕВРОПА

најде решение. Во моментов, сме во преговори со ЕБОР за проширување на заемот и за другите наплатни станици на новиот автопат Миладиновци – Штип, на наплатните станици на Коридор 8, како и за користење на софтвер за готовинска наплата на патарината во преодниот период.

**» Возниот парк е секако еден од клучните фактори во работењето на патните транспортери, и тоа подеднакво и во автобускиот превоз и во транспортот на стоки. На овој план, во изминатите години беа спроведени низа мерки и активности, кои требаше да доведат до модернизација, па и до зголемување на транспортниот возен парк во државата. Се оствари ја ли ваквите најави и што треба да очекуваме на овој план во периодот што следува, во услови кога меѓу транспортерите сè почести и сè погласни се барањата за субвенции за оваа намена, особено затоа што велат, транспортот е извозно и девизно ориентирана дејност?**

Со самиот факт дека интересот за дозволи за возила со „еуро 6“ стандарди се зголемува, верувам дека и Република Македонија ги следи европските стандарди во однос на употребата на ваквите возила на пазарот. Тоа покажува дека и домашните транспортери се во чекор со регулативите што ги наметнува ЕУ. Но, тука сакам да споменам и дека мора да се види реалната состојба на пазарот и мислам дека засега не постои простор околу директно субвенционирање. Ние, како Влада сме целосно отво-



www.amerit.org.mk

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ГЛЕДА НА СИТЕ ТРАНСПОРТНИ ЗДРУЖЕНИЈА, КАКО НА СЕРИОЗЕН ПАРТНЕР ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОСТАВЕНИТЕ ЦЕЛИ**

ма за следење и надзор на тахографите на патиштата, како и за просториите на компаниите.

» **Освен патниот транспорт, овој ресор што во светот го нарекуват и „мини влада“, ги опфаќа и другите транспортни и комуникациски сектори. Кои се најзначајните моменти, проекти и зафати на кои ќе бидете ангажирани во идната година во сферата на железничкиот и авиосообраќајот? И, до каде се активностите за реализација на проектот за кој е подготвена и посебна студија за изградба на мултимодални транспортни центри и јазли во Македонија, каде што ќе се вкрстуваат разни видови сообраќај и транспортни средства?**

Проектите во секторот Железници става посебен фокус на работата што планираме да ја реализираме во следната година. Тоа подразбира интензивирање на изградбата на пругата од Куманово до Бељаковце што е инвестиција од над 40 милиони евра. Понатаму, планираме во средината на годината да започнеме со изградба на вториот дел од пругата кон Бугарија, на потегот од Бељаковце до Крива Паланка, проект вреден околу 145 милиони евра. Следната година, очекуваме да заврши и проектирањето на последниот дел од пругата. Исто така, во 2018 година очекуваме да биде изградена пругата од Битола до Кременица, а ќе започнеме да бараме и извори за финансирање на изградбата на пругата кон Албанија, така што имаме конкретни проекти, сериозни инвестиции кои ќе значат за економскиот развој на Република Македонија.

Во делот на авиосообраќајот имаме извонредни резултати, а во следната година ќе распишеме нов повик за финансиска поддршка на нискобуџетните компании, што подразбира нови дестинации, нови можности за граѓаните и дополнителен развој на авиосообраќајот во земјата.

Ме прашавте и за мултимодалниот јазол. Проектот е веќе изработен, локацијата е избрана и целиот проект е доставен на увид до Делегацијата на Европската Унија бидејќи постапката одеше преку нив. Во наредниот период очекуваме одговор од нивна страна и да видиме во која насока ќе се движиме со овој, по мене многу значаен проект. Верувам дека ова е многу добро решение за целиот транспортен систем и се надевам дека ќе се изнајде сила сето ова да се реализира.

» **Поради јавниот и општествен карактер на дејноста што ја извршуваат, и за транспортерите и за нивните асоцијации, но и за самото Министерство за транспорт и врски, на приоритетно место е меѓусебната соработка. Какви се вашите видувања и планови на ова поле и дали можете да најавите некои активности и проекти за унапредување и продлабочување на соработката со патните превозници во земјава и со транспортните асоцијации во кои тие членуваат?**

Министерството за транспорт и врски гледа на сите транспортни здруженија, како на сериозен партнер во остварување на поставените цели, а тоа е здрав сектор, кој ќе се потпира врз меѓусебното разбирање во комбинација со пазарната економија. Досегашната соработка што ја имаме со транспортерите, ја оценувам како мошне конструктивна и ве уверувам дека и во наредниот период таквата соработка ќе продолжи на исто ниво, со цел заеднички да ги подобриме условите за работа на транспортните компании.

Ј.Б.

2007 2017

ОИЛКО

Секогаш чекор пред другите!

Среќни Новогодишни и Божиќни празници!
Merry Christmas and a Happy New Year!

Комората на овластени архитекти и инженери одбележа 10-годишен јубилеј



# ДА СЕ РЕАЛИЗИРА ВИЗИЈАТА ЗА ПОЗИЦИОНИРАЊЕ ВО МЕЃУНАРОДНАТА ИНЖЕНЕРСКА ЗАЕДНИЦА

„Архитектите и инженерите треба да создаваат иднина преку креирање нов технолошки поефикасен свет, но и да создадат подобри услови за работа и живот на граѓаните“ – истакна претседателот на Комората, професор д-р Миле Димитровски

Комората на овластени архитекти и инженери на Република Македонија на 18 декември го одбележа 10-годишниот јубилеј од нејзиното основање. На свечената прослава во хотелот „Александар Палас“ во Скопје, присуствуваа околу 200 гости – архитекти, инженери и соработници на Комората, кои меѓу другото работеле и на проекти за изградба на патната инфраструктура.

– Архитектите и инженерите треба да создаваат иднина преку креирање нов технолошки поефикасен свет, но и да создадат подобри услови за работа и живот на граѓаните. Затоа, глобална водилка на понатамошниот развој е создавање автономна, модерна и ефикасна Комора, базирана на најдобрите искуства, традиција и стандарди на европските комори – истакна во своето обраќање претседателот на Комората, професор д-р Миле Димитровски. Тој нагласи дека Комората веќе ужива голема почит во опкружувањето преку соработката во регионални, европски и пошироки рамки, а нејзината визија е да се позиционира како рамноправен и релевентен член на меѓународната инженерска заедница да биде активен чинител во развојот на инженерската струка и да ја зајакне улогата на инженерите во општеството.

Според професор д-р Миле Станковски, претседавач на Собранието на КОАИ, одбележувањето на еднодецениското постоење на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, всушност, значи и чествување на инженерството. Станковски им порача на инженерите дека Комората мора да ги прифати новите предизвици, да се вклучи и да создаде услови, заедно со високообразовните установи и компании од областа на градежништвото, како и со министерствата задолжени за оваа област, да го подигнат нивото на знаење на инженерите кои мора да бидат подготвени за новото време.

За професор д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, инженерите и архитектите даваат значен придонес во економскиот развој на државата преку нивната стручност, креативност и инвентивност.

На свечениот настан беа доделени вредни награди и плакети за заслужни инженери и архитекти, кои оставиле белег во својата професија во изминатата декада, дале придонес за развојот на Комората и дале посебен придонес во развојот на инженерството во областа во која дејствувале.

Ј.Б.

В година во Македонија, Црна Гора, БиХ и Србија

## Се укинува роамингот – мобилните разговори како дома

Во Македонија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Србија од следната година цените на услугите во роаминг ќе бидат изедначени со домашните. Според информации од регионот, агенциите за електронски комуникации на четирите земји имаат доставено нацрт-договор до ресорните министерства за цените во роамингот во овие земји да се усогласат со цените во ЕУ. Покрај ова, европската комесарка задолжена за дигитална политика, Марија Габриел најави дека во мај ќе биде објавен план за укинување на роамингот меѓу земјите од ЕУ и Западен Балкан, но притоа не можеше да каже колку време ќе помине пред договорот за тоа да стапи во сила. На овие најави се надоврза и информацијата дека регулаторите во регионот ги известиле своите ресорни министерства дека Бугарија веќе потпишала спогодба со Македонија и Србија за изедначување на цените во роамингот со домашниот сообраќај и најавила дека тоа ќе го бара и со останатите членки на спогодбата од 2014 година.

Агенцијата за електронски комуникации на Црна Гора кон крајот на ноември до Министерството за економија доставила нацрт-спогодба во која се наведува дека ресорните министерства на четирите земји потписнички се согласни цените во роаминг да се доведат на ниво на домашните цени, како што е направено во ЕУ. Нацрт-спогодбата е отворена за сите заинтересирани земји, а според некои информации, досега се остварени неформални разговори со претставници на регулаторите и од Албанија, Хрватска и Турција за можно приклучување на спогодбата. Од



крајот на јуни годинава цените во раоаминг во Црна Гора, БиХ, Србија и Македонија се намалени на 19 центи за појдовни и пет цени за дојдовни повици. Максималната цена на СМС-пораката е шест центи, а услугата за пренос на податоците и ММС е 20 центи и тоа е направено врз основа на спогодба за намалување на цените на услугите во роаминг во четирите земји од 2014 година.

Во услови кога општата мобилност значајно се зголемува



# ПРОБЛЕМИТЕ НА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ТРАНСПОРТОТ

**Промените во областа на транспортот имаат во себе потенцијал значително да го променат и да го подобрат животот на неколку милијарди луѓе на планетава, но можат да донесат и некои дополнителни несакани последици**

Условите во кои се одвива дејноста на транспортот и воопшто функционирањето на транспортот се менуваат секојдневно и брзо и затоа може да се смета дека неговиот иден развој е прилично неизвесен. Тоа што со сигурност се знае е дека општата мобилност, во иднина значајно ќе се зголемува и сè поголем број луѓе и трговски добра ќе се движат помеѓу населените места во рамките на државите, но исто така и на регионално, континентално и глобално ниво. Едноставно – светот на транспортот забрзано и темелно ќе се менува. Според годишниот Извештај на Иницијативата „Одржлива мобилност за сите“ (Sustainable Mobility for All, http://www.sum4all.org), едноставно наречен „Извештај за глобалната мобилност 2017“ (Global Mobility Report 2017) до 2030 година, вкупниот патнички транспорт во светот ќе надмине 80.000 милијарди патнички километри и тоа ќе биде раст од околу 50 отсто во споредба со оној во 2015 година. Во истиот период до 2030 година светскиот товарен транспорт во обем ќе порасне за околу 70 отсто, односно за околу 40 отсто побрзо (?) во однос на патничкиот, а истовремено и бројот на автомобили што се движат по патиштата во светот, ќе се зголеми на околу 2,4 милијарди и ќе се дуплира во однос на денешниот број од околу 1,2 милијарди автомобили. Според проценките на ОЕЦД, (ITF Transport Outlook 2017, OECD) побарувачката за транспортни услуги во превозот на добра до 2030 година се очекува да расте со просечна стапка од околу 3,3 отсто годишно (најмногу авионскиот со 5,6 отсто, па морскиот со 3,4 отсто и патниот и железничкиот со 3,2 и 3 отсто). Важно е што тој раст ќе е побрз од оној на глобалната економија во целина која, мерена преку стапката на растот на бруто-домашниот производ, се



Автор: Проф. д-р Никола Поповски

очекува да расте со просечна стапка од околу 2,7 отсто. Тоа постојано ќе ја зголемува апсолутната и што е најважно, релативната важност на транспортната дејност во вкупните економски активности во светот.

Ваквите промени во областа на транспортот имаат во себе потенцијал значително да го променат, но и да го подобрат животот на неколку милијарди луѓе на планетата, па дури и на вкупното население, почнувајќи од зголемувањето на нивниот животен стандард и подобрувањето на квалитетот на животот, а не е исклучено многу поблагопријатно да влијаат на нивното вкупно опкружување, како и на нивното здравје. Дури, се смета дека зголемените транспортни услуги и нивниот квалитет можат да влијаат и на ублажувањето на последиците што луѓето би можеле да ги имаат од ефектите на климатските промени. Сепак, зголемената локална, регионална и глобална мобилност и растот на обемот на транспортните услуги можат да донесат и некои дополнителни несакани последици. На пример, тие можат да ја загрозат, па дури и зголемат постојната економската нееднаквост и соодветната општествена нерамноправност, да ја промовираат дополнителната масовна експлоатација и користење на исцрпливите фосилни горива, соодветно уништување на природната и животната средина, евентуално нарушување на здравјето поради поголемо загадување на воздухот со издувни гасови, па дури и да го зголемат бројот на сообраќајно-транспортните несреќни случаи што резултираат со повремени или трајни повреди или смртни случаи.

Оттука, со право може да се постави прашањето: Како транспортната дејност едновремено може да го помогне економскиот, општествениот и еколошкиот напредок на начин од кој ќе имаат корист и денешните и идните генерации во светот? Веројатно одговорот треба да почне со прифаќањето на уверувањето дека транспорт и транспортната дејност веќе не можат да се третираат само како алатка, која на населението, деловните организации (компаниите) и работната сила ќе им обезбедува подобар, поефикасен и поекономичен пристап до пазарите и работните места, односно ќе ги зголемува нивните економски потреби, без разлика дали тие се производни или потрошувачки. Одговорот, веројатно, е малку поширок.

Неизбежната зголемена мобилност на луѓето и трговските добра во светот што уште повеќе ќе ја поттикне транспортната дејност, едновремено ќе треба да биде пропратена и со ефектите на рамноправност, ефикасност, безбедност и конечно да биде респонзивна на сè поизразените климатски промени во светот. Постигнувањето на овие дополнителни четири цели ќе обезбеди потребите за мобилноста на сегашните генерации да не бидат на грбот на идните генерации во вид на однапред направен трошок на нивна сметка. Со други зборови, проценетиот раст на мобилноста во светот изразен преку значителниот раст на обемот на превезените патници и трговски добра треба едновремено да биде и одржлив.

Рамноправноста во пристапот, па дури

и високата инклузивност на транспортната дејност се во срцата на принципот за потребата од општ или универзален пристап до транспортот. Под оваа цел се сместени сите дистрибутивни проблеми што се однесуваат на потребите за патување и мобилност на сите, вклучувајќи ги и ранливите граѓани, децата, старите лица и оние со посебни потреби, без оглед на тоа од каде и од какви општествени, социјални и географски средини тие доаѓаат или одат. За сите нив, треба да се обезбедат минимални услови и нивоа на пристап до транспортните услуги, не оставајќи никого да биде исклучен од процесот. Ова особено се однесува на луѓето што сега живеат, но кои и во иднина ќе живеат во градските средини, каде што се очекува дека до 2045 година дополнителни две милијарди луѓе ќе имаат секојдневна повеќекратна потреба од користење на транспортните услуги, особено во јавниот сектор.

Ефикасноста, како цел, едновремено е јасна, но и прилично сложена. Таа подразбира побарувачката за транспортни услуги да се задоволи ефикасно и по најмали можни трошоци од единица транспорт. Со оглед на тоа дека оваа цел може да се набљудува од бројни аспекти, ќе се обидеме да ја дефинираме барем од еден аспект, оној макроекономскиот. Тоа значи дека во транспортната дејност треба да дојде до оптимизација

од сите смртни случаи во транспортните несреќи и 93 отсто од пријавените трошоци, како последица на несреќите.

Статистиката на ООН јасно и недвосмислено покажува дека и во рамките на патниот транспорт постои голема нерамномерност во потенцијалните опасности, бидејќи ризикот, на пример, од фатални незгоди кај мотористите на патиштата е за 20 пати поголем од оној кај учесниците во транспортот што користат автомобилски превоз, а ризикот кај велосипедистите и пешаците е за 7 до 9-пати поголем од оној на учесниците во автомобилскиот транспорт. Од друга страна, учесниците во транспортот што користат автобуски транспорт се 10-пати побезбедни од оние што користат автомобилски транспорт. Според истите податоци, железничкиот и авионскиот транспорт се статистички најбезбедните видови транспорт. Глобално, според местото на несреќните случаи со фатални последици, близу половината од нив, или околу 40 до 50 отсто, се случуваат во градските средини. Од сите овие податоци произлегуваат и насоките за идното дејствување за подобрување на безбедноста во транспортот.

Конечно, целта за поголема респонзивност на транспортот кон сè поизразените климатски промени, односно концептот за т.н. „зелена мобилност“ треба да се оствари

нот на кој транспортната дејност во иднина треба да стане поодговорна за намалување на климатските промени што се резултат на економските активности на човекот.

Овие четири идни цели во транспортната дејност: рамноправноста и универзалниот пристап, ефикасноста, безбедноста и „зелената мобилност“ треба да се обединат во еден заеднички процес на донесување одлуки што ќе ги препознава и пресметува можните компромиси и евентуални синергии меѓу нив.

Како резултат на сите вакви сознанија и заложби, во 2016 година, Советничката група на високо ниво формирана од Генералниот секретар на ООН, Бан Ки-Мун поднесе завршни препораки насловени како „Мобилизација на одржливиот транспорт за развој“ (Mobilizing Sustainable Transport for Development), со кои го дефинираше одржливиот транспорт како „обезбедување на услуги и инфраструктура за мобилноста на луѓето и добрата преку обезбедување на економски напредок и општествен развој во корист на сегашните и идните генерации, на начин што е безбеден, пристапен, ефикасен и приспособлив, едновремено минимизирајќи ги јаглеродните и другите емисии во вкупното влијание врз животната средина“.

Многу слично на ова, кога во 2015 годи-



на светските лидери се собраа во Њујорк и ја прифатија „Агендата 2030 за одржлив развој“ во која вклучија 17 цели за одржлив развој, не случајно во документот беа вградени и клучните елементи врз кои ќе се заснова идниот развој на транспортната дејност, а тоа беа: „пристапот кон безбеден, дозволив, прифатлив и одржлив развој на транспортните системи за сите, негова енергетска ефикасност, патна безбедност и заштита од аерозагадувањето што предизвикува смртност“.

на користењето на ресурсите, за да се создадат ефикасни транспортни системи и мрежи. Во тој процес, следниве ресурси се сметаат за најелементарни: енергијата, технологијата, просторот, институциите и можеби регулативата за дејноста на национално и глобално ниво. Денес, воопшто не е спорно дека новите технологии, впрочем како и во останатите дејности, значително ќе помогнат да се подобри ефикасноста и на транспортните системи. Тие ќе се најважни во подобрувањето на перформансите на транспортната логистика и економизирањето со горивата.

Подобрувањето на безбедноста во транспортот, како цел, се стреми кон активности за подобрување на целината на безбедноста во оваа дејност, без разлика на типот на услугите што се обезбедуваат и е насочена кон создавање на услови за избегнување на фатални случаи, повреди и несреќи при давањето на транспортните услуги, како и на големи економски трошоци што можат да произлезат од нив. Впрочем, и денес постојат меѓународно договорени глобални цели за патниот и авионскиот транспорт во сферата на безбедноста. Ова е нужно бидејќи особено е критична безбедноста во сферата на патниот транспорт (сообраќај) во кој се случуваат дури 97 отсто

преку начелата на ублажување на последиците и адаптација на дејноста, со што ќе се намалат загадувањето на воздухот и големата бучавост. Оваа цел е тесно поврзана и со Париската спогодба за климатските промени, чија цел е до 2050 година да се постигне состојба на економијата во светот со „нето-нулта емисија“ на штетни гасови, вклучувајќи и цели како подобрување на квалитетот на воздухот. За пример може да се наведе дека во 2012 година во 40 отсто од земјите во светот, транспортната дејност беше најголемиот поединечен потрошувач на енергија, а во останатите 60 отсто, оваа дејност беше на второ место. Некои проекции покажуваат дека до 2040 година емисиите на $CO_2$ што произлегуваат од или се корелирани со енергијата што ја користиме, ќе се зголемат за околу 40 отсто. Според податоците на Меѓународната агенција за енергија од 2015 година, (World Energy Outlook 2015) транспортната дејност сега придонесува со 23 отсто од глобалната емисија на гасови за создавањето на ефектот на „зелена градина“ што произлегува од енергијата и 18 отсто од сите емисии што постојат на глобално ниво, а се произведени или корелирани од активностите на човекот. Ваквите разочарувачки состојби и трендови едновремено упатуваат и на начи-

Со вакво релативно високо ниво на согласност на сите актери во светот, веројатно и некои од концептите за основните национални и глобални проблеми за идниот стратешки развој на транспортната дејност, барем на ниво на нивно идентификување и потреба од акција, се надминати и затоа треба да сме оптимисти. Останува да се види дали на долг рок, односно во идните две-три децении, овие проблеми организирано и ефикасно ќе се решаваат на сите нивоа во светот или стихијниот и дезинтегриран начин на пристап кон предизвиците ќе преовладува што навистина би било штета. Идниот развој, сепак, заслужува еден доследен и организиран приод кон проблемите на оваа, за економијата и општеството – суштински важна дејност.

ОИЛКО КДА од Скопје



# ЗАСЛУЖЕНО НА ВОДЕЧКАТА ПОЗИЦИЈА ВО ТРАНСПОРТОТ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО МАКЕДОНИЈА И РЕГИОНОТ

Највисокиот систем на вреднување и рангирање на транспортните фирми се наметнува сам по себе, ако се имаат предвид возниот парк, техничката опременост, кадровската екипираност и секако главниот фактор – резултатите од деценискoто работење на КДА ОИЛКО

Познат и признаен транспортер, вистински лидер во превозот на опасни материи, и тоа не само во Македонија туку и во регионот – ова е најкусото, но и најпрецизно CV на транспортната фирма ОИЛКО КДА од Скопје, која годинава одбележува 10 години постоење и функционирање. Период во кој највисокиот систем на вреднување и на рангирање на транспортните фирми се наметнува сам по себе, ако се имаат предвид возниот парк, техничката опременост, кадровската екипираност и секако главниот фактор – резултатите од деценискoто работење на ова командитно друштво, формирано на 18 јануари 2007 година, чиј основач и најголем акционер е АД Макпетрол, со 35-процентно учество во вредноста на капиталот и кој воедно е најголем корисник на услугите на ОИЛКО КДА. Но, како што вели Димитар Цеков, управителот на Друштвото, покрај задоволувањето на потребите за транспорт и дистрибуција на нафта и нафтени деривати за АД Макпетрол, ОИЛКО има договори и дава транспортни услуги и за други фирми во земјата, како: Рафинеријата ОКТА, Цементарницата УСЈЕ, Македонија пат, ЈСП – Скопје, МЖ Транспорт и останати, главно приватни, компании во државата.

– Овде спаѓаат и странските пазари, односно најмногу земјите од соседството, па така, во нашата референца стои дека веќе подолг период компанијата вози светли деривати и ТНГ за и од Грција, Србија, Бугарија, Албанија Косово и други дестинации, каде што е ценовно конкурентна. Она што притоа е значајно е фактот дека редовно, секоја година, договорите со овие корисници на нашите услуги се обновуваат, а со многумина од нив се зголемуваат транспортите што ги вршиме, што само за себе е показател за успешноста на нашето работење. Генерално земено, техничката опременост е можеби и најбитниот фактор зашто ОИЛКО денес располага со дури 100 автоцистерни, од кои 14 за течен нафтен гас, 72 за светли деривати, сите со мерни уреди, четири за транспорт на црни деривати, седум возила за транспорт на плински боци, три за компримиран природен гас - метан и 55 вагон цистерни. Станува збор за возила и автоцистерни од најпознатите светски производители, изработени во согласност со DIN-EN стандардите и ECE-R регулативите, кои се опремени со најсовремени уреди за горно и долно полнење што е задолжително за сите земји членки на Европската Унија – вели Цеков.

ОИЛКО поседува и сопствена автобаза, лоцирана во село Миладиновци, во близина на Скопје, која е изградена според сите безбедносни и еколошки прописи за стационирање на возила што транспортираат опасни материи. Таа располага со паркинг-простор што е под постојан видео-надзор и чиј капацитет е над 100 автоцистерни, како и простории, каде што е сместена администрацијата на друштвото, кое денес има вкупно 193 вработени и чиј број (како што се зголемуваат нарачките, испораките и транспортните услуги што ги дава компанијата) постојано расте.

Со ваквата извонредна техничка опременост и секако со соодветната кадровска екипираност ОИЛКО КДА во последниве години бележи интензивен раст и развој до европски размери така што се вбројува во една од водечките транспортни компании во регионот, па и пошироко. За овој факт придонесуваат и успешните резултати во годината што изминува, а кои се очекува да продолжат и во наредната година.

– Од аспект на околностите и факторите кои се директни чинители на работењето на транспортните компании во Република Македонија, може да потенцираме дека

ОИЛКО КДА со сиот свој административен, технички и менаџерски кадар успеа да се приспособи на сите барања и регулативи во АДР-сегментот, како и успешно да се спротивстави на сите тешкотии во текот на работењето, притоа одржувајќи го високиот квалитет на услугите. Сето тоа резултираше со остварување на позитивни финансиски резултати во 2017 година, за што свој придонес даде и тоа што Владата имаше низа активности околу либерализацијата на превозот и отстранувањето на режимот на дозволи, потоа кампањи околу зголемувањето на безбедноста во сообраќајот, како и мерки за сузбивање на нелојалната конкуренција во транспортниот сектор. Во годината што измина, Владата работеше и на подобрувањето на квалитетот на регулативата, со цел да се подобрат условите за работа, како и да се овозможи зголемување на конкурентската способност на транспортните компании во и надвор од државата. Со тоа, делумно се подобри состојбата на македонскиот транспортен пазар, меѓутоа и понатаму квалитетот на услугата останува да биде маргинализирана ставка во понудите за транспорт – нагласува Цеков, со тоа воведувајќи нè во она што се вика „корпус на проблеми", кои се најголемо оптоварување и ризик-фактор за нашите транспортери.

Имено, според нашиот соговорник, граничните блокади, должината на царинските процедури, како и временските ограничувања за тешките товарни возила во зимските и во летните месеци, и во 2018 година ќе бидат основните елементи, кои ќе влијаат на рентабилното и ефикасно работење на транспортерите во Република Македонија.

– Како главни тешкотии во работењето во наредниот период, ги издвојуваме непредвидените затворања на границите од нашиот јужен сосед и штрајковите на грчките царински органи, кои досега директно влијаеја на навремените испораки. Овде спаѓаат и дополнителните давачки на царинските терминали и вонредните финансиски трошоци на граничните премини со Бугарија и Албанија. Покрај тоа, оптоварени сме зимно време и ограничени сме со ненавремено и неквалитетно чистење на регионалните патни правци низ нашата земја што со денови нè блокира по одделни региони. И по неколку години бараме т.н. „зелена брза лента" на граничните премини, што беше барање и на АМЕРИТ, но ништо не е направено тоа да се реализира. Токму тоа, покрај побрзиот обрт на возни единици преку границата, најдиректно ќе придонесе за поголема безбедност на ваквите транспорти на опасни материи, кои згора на сè, лете, токму на границите, со денови се изложени на високи температури со многу опасни ситуации. Исто така, проблем е и тоа што регулативата во државата е донесена во делот за баждарени мерни уреди, но неопходни се редовни инспекциски контроли за почитувањето на примената на овие уреди. Сериозно оптоварување за транспортерите во наредниот период ќе биде и движењето на цените на горивото на меѓународниот, а и на домашниот пазар, каде што во делот за заштитата на животната средина се наметнува потребата од субвенционирање на набавка на возила со погон на компримиран природен гас – наведува Цеков.



**ОВАА 2017 ГОДИНА, ОИЛКО ОСТВАРИ ПОЗИТИВНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ, А АМБИЦИОЗНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ДРУШТВОТО Е СООДВЕТНА ГАРАНЦИЈА ЗА НАРЕДНАТА, 2018 ГОДИНА**



Сепак, запрашан за своите видувања и прогнози за транспортот во 2018 година, првиот човек на ОИЛКО КДА остава простор за оптимизам.

– Ако се земат предвид најавите дека в година ќе се исполнат дел од барањата на транспортните компании за нови транспортни олеснувања, во кои се вбројуваат поевтини ТИР-карнети, побрзи транспортни и други постапки, овозможување рамноправно учество на европскиот транспортен пазар и за превозниците од малите земји, како што е Македонија, како и ветувањата од Владата и ресорните министерства дека ќе биде преземено сè за подобрување на економскиот амбиент во земјата догодина, можеме да заклучиме дека и во 2018 година, Друштвото, подготвено ќе се соочи со сите предизвици и можеме да ветиме дека тоа и понатаму ќе остане на лидерската позиција во конкуренција на транспортерите на опасни материи во регионот. Впрочем, токму со ваквите наши надежи, стремежи и очекувања и ја градевме својата инвестициона програма за 2018 година, во која, само за илустрација, е предвидена набавка на 10 нови влекачи, со кои ќе замениме исто толку најамортизирани од постојните, потоа, набавка на три фиксни мерни уреди, како и на еден влекач и полуприколка за контејнери за ЦНГ, па набавка на две возила за развозување на боци за ТНГ и на еден минибус за превоз на вработените. Во текот на 2018 година, Друштвото планира имплементација на систем за квалитет ISO 9001, со што значително ќе се подигне квалитетот на целокупното наше работење, како од аспект на интерните процедури, така и при давањето услуги на коминтентите. Сето ова, како и нашата неуморна и постојана ангажираност во подготовките и вршењето на услугите за корисниците со кои соработуваме, сметам дека е доволна гаранција да ставиме уште една успешна година во нашето работно портфолио – категоричен и дециден е Димитар Цеков, управителот на КДА ОИЛКО.

Ј.Б.

Преку твининг-проект финансиран од ЕУ




# ЦАРИНСКА УПРАВА НА МАКЕДОНИЈА ГИ ЗАЈАКНУВА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ И ОПЕРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Проектот ќе трае 21 месец, а е финансиран од страна на ЕУ со 1,6 милиони евра и ќе се спроведува со поддршка на австриската Агенција за европска интеграција и економски развој и Царинската управа на Литванија

Зајакнување на институционалните, административните и оперативните капацитети на Царинската управа на Република Македонија е целта на твининг- проектот, чиј старт официјално беше означен неодамна во ЕУ Инфо-центарот во Скопје и кој ќе трае 21 месец, а е финансиран од страна на Европската Унија, со вкупен буџет од 1.600.000 евра. Царинска управа на Република Македонија е корисник на овој твининг-проект, а негов имплементатор е Царинската управа при Федералното министерство за финансии на Австрија, преку Агенцијата за европски интеграции и економски развој на Австрија, а во партнерство со Царинската управа при Министерството за финансии на Република Литванија.

– Главна цел на проектот е дополнително зајакнување на административните капацитети на Царинска управа и нејзиниот капацитет за спроведување на законодавството на ЕУ и реформи за исполнување на европските барања во областа на царината за приближување на земјата до европските пазари и Царинската Унија – истакна во своето обраќање Ѓоко Танасоски, директорот на Царинска управа на Македонија. Притоа, тој посочи дека проектот треба да помогне за побрзо приближување на земјава кон Европска Унија во областа на царината, со цел да се оневозможи незаконското тргување со стоки, да се олесни трговијата и да се воведат понатамошни подобрувања во областа на организацијата и управувањето со имплементирање на усвоени стратегии за понатамошен развој на царинските операции и процедури.

Во четири компоненти се распределени главните проектни резултати од проектот, од кои, како што беше наведено, првата е постцаринска контрола и ревизија, втората - управување со ризик, третата - лабораторија и четвртата - обука.

Според Јаромир Левичек, од Делегацијата на ЕУ во Скопје, досега ЕУ на Царинска управа на Македонија ѝ доделила 16 милиони евра, како ИПА- поддршка за да се постигне вистински баланс помеѓу нејзините функции за контрола и за собирање на даноците.

- Со овој твининг-проект, очекувам Царинската управа да стане уште повеќе оперативна и да ги подобри своите системи за контрола, но и да изгради партнерство со бизнис-заедницата – нагласи Левичек, кој очекува ова да биде успешен проект што ќе ја подобри контролата, но и ќе ја олесни трговијата.

Полицискиот аташе од австриската амбасада, Питер Китербергер посочи дека ова е петти твининг-проект што Австрија го спроведува во Македонија во последните три години и додаде дека тоа ја покажува цврстата поврзаност помеѓу двете држави, при што Република Австрија е секогаш подготвена да помогне во понатамошните чекори на Царинска управа на Република Македонија во приближувањето кон ЕУ.

Делегација на Царинската управа на 131-та седница на Советот за царинска соработка на СЦО

## Разгледани се повеќе прашања поврзани со царинското работење

Беше претставена визијата за Регионот CEFTA и неговото интегрирање во економска зона, која до 2023 година се очекува да се преобрази во мала унија

Делегација на Царинска управа на Република Македонија, предводена од директорот Ѓоко Танасоски, учествуваше во активностите на 131-та седница на Советот за царинска соработка на Светската царинска организација што се одржа на 14 и 15 декември во Брисел, Белгија. На седницата беа предложени и договорени областите за соработка и заедничко дејствување, кои ќе бидат предмет на расправа на седниците на Советот што ќе се одржат во 2018 година. Се дискутираше и за напредокот во повеќе области, меѓу кои, нетарифните бариери, е-трговијата, контрола на границите, поддршка на економската конкурентност, градење капацитети, спроведување на законите, SAFE-Рамката на стандарди, олеснување на трговијата, сузбивање незаконски оптек на финансиски средства и други прашања поврзани со царинското работење.



На седницата на Советот, директорот на Царинска управа, Танасоски, оствари средба и со Кунио Микурија, генералниот секретар на СЦО, како и неколку поединечни средби со директорите на царинските служби од Европа, а со цел размена на мислења за актуелните предизвици во регионот и договарање на билатералните активности.

Во согласност со Законот за царинска тарифа




# ЦАРИНСКА УПРАВА ГО ОБЈАВИ ВОДИЧОТ ЗА ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКИ ЗА 2018 ГОДИНА

Во Царинската тарифа за идната година нема намалување на царинските стапки туку нејзиното усогласување се однесува само на системот на имињата и нумеричките ознаки (номенклатурата), единечните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави, согласно со измените на Комбинираната номенклатура на ЕУ

Царинска управа на Република Македонија го објави Водичот за царинење на стоки за 2018 година, донесен врз основа на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2018 година, која е составен дел на Законот за Царинска тарифа. Во Царинската тарифа за идната година нема намалување на царинските стапки, туку нејзиното усогласување се однесува само на системот на имиња и нумерички ознаки (номенклатурата), единечните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави, согласно со измените на Комбинираната номенклатура на Европската Унија.

Во Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2018 година целосно е транспонирана Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр. 1925/2017, со која се менува Комбинираната номенклатура на ЕУ за 2018 година, објавена во Службен весник на ЕУ бр. Л 282 од 31.10.2017 година. Притоа, согласно со чл. 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедница, номенклатурата во Царинската тарифа треба да биде хармонизирана со Комбинираната номенклатура, во која за 2018 година се додадени 19 нови тарифни ознаки, како расчленувања на тарифните подброеви на ХС, а заради намалениот обем на трговија се избришани 12 тарифни ознаки. Измени има во глава 17, каде што е воведена дополнителна забелешка 3, во која е определено утврдувањето на содржината на шеќер со примена на методот на течна хроматографија и е направена измена во дополнителната забелешка 4, каде што е појаснето добивањето на содржина на сахароза со користење на метод на рефрактометрија. Измени има и во глава 19, каде што е воведена дополнителна забелешка 3, која ги исклучува од оваа глава сите додатоци во исхраната во одмерени дози во форма на капсули, таблети или пилули, како и поинаква поделба на тарифните подброеви за пекарските производи од тарифниот број 1905. Во индустрискиот сектор, во глава 29, е воведено расчленување на тарифниот подброј 2939 79, каде што никотинот и неговите соли, естри, етери и други нивни деривати добиваат своја тарифна ознака, а во тарифниот број 3215 има промена во структурата во расчленувањето со соединувањето на тарифните подброеви согласно со статистичките потреби или намалениот обем на трговија. Во тарифниот број 3603, се воведени нови тарифни ознаки за бавногоречки и детонирачки штапини, за ударни или експлозивни капсли, запалки и електрични детонатори. Дополнувања има и во глава 95, каде што е воведена нова дополнителна забелешка 1, која го појаснува распоредувањето на разните традиционални производи за Божиќните празници.

Овие измени се должат на промените во трговските текови и практика, како и на појаснувањето на текстовите и нивното поедноставување. Со усогласувањето и менувањето на Царинската тарифа за 2018 година, согласно со Комбинираната номенклатура 2018, се наметна потребата од воведувањето на нови тарифни ознаки на национално ниво (на деветта и десетта цифра). Имено, таму каде што слични стоки досега се распоредувале во повеќе тарифни ознаки со различни царински стапки, со измените, се укинале тарифните ознаки и целата стока се распоредува во една тарифна ознака. Произлегува потребата од расчленување на национално ниво со цел да се задржат царинските стапки утврдени со Законот за царинска тарифа. Од друга страна, царинските стапки предвидени за увоз на стоки опфатени во некои нови тарифни ознаки, остануваат исти, како што биле утврдени во старите тарифни ознаки, согласно со Законот за царинска тарифа и не се предмет на усогласување и отворање на национални тарифни ознаки.

Водичот за царинење на стоки за 2018 година е објавен на интернет-страницата на Царинска управа на РМ, на линкот: http://customs.gov.mk/index.php/mk/biznis-zaednica-mk/presmetka-na-davacki-mk/carinska-tarifa-mk/1466-vodic-carinenje-stoki-mk.

Со буџетот на Град Скопје за идната година



# ЗГЛОБНИ ЕЛЕКТРИЧНИ АВТОБУСИ ЗА ЈСП, НО И СУБВЕНЦИИ ЗА ПРИВАТНИТЕ ПРЕВОЗНИЦИ

Ова се дел од проектите и мерките против загадувањето во главниот град

Инвестиции од 141 милион денари или 2,3 милиони евра, наменети за Програмата за заштита на животната средина во главниот град се предвидени со буџетот на Град Скопје што беше усвоен неодамна. Така, еден од клучните проекти, што инаку се во делот на сообраќајот, е набавката на електрични зглобни автобуси за ЈСП – Скопје, за што ќе бидат издвоени 100 милиони денари (1,6 милиони евра). Субвенции во висина од 20 милиони денари (325.000 евра) ќе добијат приватните превозници, кои би сакале да инсталираат уреди за гас и да купат автобуси кои ги задоволуваат ЕУРО 5 и ЕУРО 6 стандардите, додека ист толкав износ е предвиден за ЈСП – Скопје за бесплатен превоз во денови на алармантно загадување на воздухот.

Во делот на инфраструктурата е предвидена изработка на проекти за одделни сообраќајници, кои би можеле да ги решат сообраќајните проблеми во одделни делови од градот. Градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, потсети дека буџетот на Градот ќе претставува сублимат од веќе започнати и нови поинакви проекти, при што ќе се реализираат преземените обврски од започнатите проекти.

– За наредната 2018 година, вкупниот буџет на Град Скопје е проценет на 6,2 милијарди денари и е за 10 % помал од оној во 2017 година. Сепак, акцентот го ставивме на подобрувањето на животната средина, развивањето на транспортната мрежа (дел за патната инфраструктура и комуналната инфраструктура), како и изградбата на системи за водоснабдување, односно за инвестиции што ќе придонесат за подобар економски раст и развој на нашиот град – изјави градоначалникот Шилегов.

Во потесното градско подрачје

## Десет и пол часовна забрана за достава на стоки

Неодамна, Советот на Град Скопје, донесе забрана за доставување стока на потесното градско подрачје, во периодот од 7:30 наутро до 18 часот, за периодот од 1 декември до 31 март. Оваа мерка е со цел намалување на загадувањето во главниот град, а со неа, доставување на стока ќе се врши од 18 до 7:30 часот, со запирање и паркирање не подолго од 15 минути. Одлуката е предвидена и со „Препораките на Интервентната акциска група за итни мерки против загадувањето на воздухот“ од 15 декември 2017 година, донесени од страна на Владата на Република Македонија. Со оваа одлука, возилата нема да смеат да доставуваат стоки по дуќаните на потегот од Рузвелтова до Железничката станица, од Илинденска до крстосницата кај ТЦ „Мавровка“, односно од булеварот Теодосиј Гологанов до Јужен булевар.

Дистрибутерите, кои нема да ја почитуваат забраната за дотур на стока ќе бидат санкционирани, при што, ако од комбињата се истовара стока на улица казната е 45 евра, а ако се паркирани на тротоар – 150 евра. Одлуката ќе стапи во сила пред Нова година, а од Градот велат дека засега мерката ќе важи само до крајот на март, како дел од проектите за загадувањето, но во меѓувреме ќе се направат анализи да се воведе дневна забрана за дотур на стока преку цела година.

## Скопје доби четири напојувачи за електрични возила




Во Скопје деновиве беа пуштени во употреба четири напојувачи за електрични возила на јавна површина. Нив ги постави ЕВН, а во 2018 година полнењето со струја на електровозилата ќе биде бесплатно. Градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, рече дека ова претставува почеток на едно ново модерно поглавје на градот. Според претседателот на Управниот одбор на ЕВН, Штефан Петер, електромобилноста има позитивно влијание за околината. Тој најави дека ќе бидат поставени повеќе напојувачи доколку увидат дека има потреба од тоа.

Напојувачите за електричните возила се инсталирани во различни места во Скопје, каде што има голема фреквенција на луѓе, и тоа: кај Плоштад Македонија, Зоолошка градина, Градско собрание, Рамстор – Центар и Капитол Мол.

Според податоците од МВР, во 2016 година во Македонија биле регистрирани 80 електрични возила, од кои само 47 во Скопје.

Меѓународна конференција „Посилна регионална интеграција на Балканот“ во Софија




# СВЕТСКА БАНКА СО ПРОЕКТ ОД 150 МИЛИОНИ ДОЛАРИ ЌЕ ЈА ОЛЕСНУВА ТРГОВИЈАТА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

„Македонија сака да учествува во сите регионални проекти и може да биде транспортен центар на Балканот зашто преку неа минуваат два важни коридори, 8 и 10“, истакна премиерот Зоран Заев на конференцијата

Светска банка ќе поддржи Проект за олеснување на транспортот и трговијата на Западен Балкан со вкупна вредност од 150 милиони долари, при што со неговата целосна реализација вкупниот бенефит за државите од регионот ќе биде со вредност од една милијарда долари. Ова беше истакнато на Меѓународната конференција „Посилна регионална интеграција на Балканот“ што се одржа во Софија, а на која присуствуваше и премиерот Зоран Заев, кој на заедничкиот прес на премиерите од регионот, во овој контекст, истакна дека изградбата на коридорите 8 и 10 е дополнителна можност за раст и развој на регионот на Западен Балкан, како и за приближување на регионот кон ЕУ.

– Македонија сака да учествува во сите регионални проекти и може да биде транспортен центар на Балканот зашто преку неа минуваат два важни коридори, 8 и 10, потенцира Заев, кој нагласи и дека олеснувањето на протокот на стока и патници ќе биде сериозно олеснување за граѓаните и за бизнисот. ИТ-поврзувањето на граничните премини ќе значи модернизација и можност нашите граѓани да се почувствуваат еднакви со граѓаните од Европа – рече премиерот Заев.

Порака за единствен економски регион со цел да се унапреди економскиот потенцијал на земјите од Западен Балкан испрати и еврокомесарот за проширување на ЕУ, Јоханес Хан, кој рече дека на тој начин побрзо ќе се намалат економските разлики со ЕУ, со цел доближување до ЕУ и посветување на сите други критериуми потребни за негова интеграција. Еврокомесарот Хан повтори дека Европската комисија ја поддржува интеграцијата на Западен Балкан во ЕУ.

Сите премиери од државите од Западен Балкан го поддржаа интензивирањето на регионалната соработка и ги поздравија заложбите на Република Бугарија, како идна земја претседавач со ЕУ, за европски перспективи на целиот Западен Балкан.

Сепак, и покрај заложбите на земјите од Западен Балкан, проекциите на Светска банка не се розеви. Според анализите, со моменталната стапка на економски раст, на регионот, ќе му требаат шест децении да го достигне нивото на Европската Унија. Евентуалниот поголем раст од пет проценти може да го намали тој период на 20 години.

J.С.Б.



www.amerit.org.mk

Во потрагата по комерцијално возило на иднината



# ИРУ СМЕТА ДЕКА ЕЛЕКТРИЧНИТЕ ВОЗИЛА СЕ ДЕЛ ОД РЕШЕНИЕТО

ИРУ ги прифаќа иновациите и го препознава значењето на придонесот направен во сферата на мобилноста од страна на секторот за транспорт на стоки

Поттикнати од лансирањето на прототипи на електрични и делумно автоматски камиони од Tesla и Volvo, кои се дел од водечките производители на возила во светот, Меѓународната унија за патен транспорт (ИРУ) истакна дека намалувањето на $CO_2$ преку нови иновации треба да ги исполнува логистичките критериуми насочени кон целта – поеколошки и побезбедни возила, но и патишта. Со тоа, ИРУ ги прифаќа иновациите и го препознава значењето на придонесот направен во сферата на мобилноста од страна на секторот за транспорт на стоки. Се смета дека последните случувања во врска со електричните и автономните концепти на камиони од Daimler, Einride, Nikola One, Tesla и Volvo се доказ за посветеноста на приватниот сектор за изнаоѓање решенија за предизвиците на одржливоста, климатските промени и безбедноста на патиштата. Во таа насока, резолуцијата „од 30 до 30“ на ИРУ јасно истакнува дека иновативните логистички концепти, како што се за оптимизираните тежини и димензии на тешките комерцијални возила, можат да ја намалат потрошувачката на гориво и емисиите на $CO_2$ за повеќе од 10 % но, исто така, и обуката и еко-возењето се клуч за равенката.

Извештајот на ИРУ за „Комерцијалното возило на иднината“ ја зајакнува оваа порака, дека само сеопфатната инвестиција во подобрувањето на обуките, оперативната ефикасност, новите технологии и инфраструктурата може да обезбедат транспортните оператори успешно да ги исполнат своите еколошки обврски и да продолжат да бидат двигатели на економскиот раст. Комплексноста на транспортот на комерцијални стоки на долги патеки, каде што камионите се главна производствена алатка, бараат приоретизирање на факторите, како што се опсегот, цената и тежината на батеријата за овие иновации да бидат успешни.

С.П.Т.

По двомесечен јавен увид и анализи

## e-CMR наскоро ќе биде финализиран и објавен како стандард

Документацијата за моделот за електронскиот товарен лист сега е достапна за преглед на порталот на ОН за препораки за олеснување на трговијата и електронски бизнис-стандарди (UN / CEFACT)

Моделот за електронскиот товарен лист е објавен за надворешен јавен увид и анализи во период од два месеци, претставувајќи го последниот чекор за обезбедување компатибилност помеѓу сите идни дигитални решенија за меѓународен патен транспорт. По претходниот јавен преглед на спецификацијата за бизнис-потребите на e-CMR, оваа нова пресвртница ќе ги објави неколкуте технички документи, вклучувајќи ја шемата, структурата и дијаграмот на e-CMR, кои го сочинуваат целосниот збир на податоци на електронската порака.

Документацијата сега е достапна за преглед на порталот на ОН за препораки за олеснување на трговијата и електронските бизнис-стандарди (UN / CEFACT). На крајот на двомесечниот период, моделот e-CMR ќе биде финализиран и објавен како стандард.

Процесот на ревизија е дел од развојот на дигиталниот транспортен инструмент, кој ќе обезбеди компатибилност низ целата дигитална логистичка мапа. Поточно, интероперабилноста на e-CMR е од клучно значење за да се зачува безбедноста и ефикасноста поради што ги охрабруваме нашите членки и пошироката индустрија активно да учествуваат во обезбедувањето повратни информации – истакна неодамна Борис Бланш, главен оперативен директор на ИРУ.

Со цел подобро спроведување на политиките во патниот транспорт

## Делегацијата на ИРУ во Брисел поблиску до европските институции

ИРУ отвори нови канцеларии во срцето на европската престолнина

Повеќе од 100 главни учесници во транспортот, како и политички и бизнис-лидери на ЕУ се придружија на прославата организирана за отворањето на новите канцеларии на Меѓународната унија за патен транспорт (ИРУ), лоцирани во срцето на европската престолнина Брисел. Говорниците на овој настан, од името на Европската комисија и претстојното бугарско претседателство на Советот на ЕУ, во своите искажувања ѝ оддадоа признание на ИРУ како клучен партнер во дијалозите за политиките за патниот транспорт и ја поздравија преселбата во новиот дом, стартегиски позициониран за да се зајакне меѓусебната соработка.

– Ова е пресвртница за нашата делегација во Брисел и организацијата како целина. Сакаме да споделиме јасни пораки во овој предизвикувачки и возбудлив период, а предлозите за пакетот за мобилност на Европската комисија се вистински тест за нашата индустрија. Нашата нова канцеларија треба да биде место за дискусија и дефинирање на иднината на патниот сообраќај заедно со нашите членови и партнери – истакна по овој повод Матијас Медге, кој ја води канцеларијата на ИРУ во ЕУ.



Со цел обезбедување еднакви можности со мажите, но и како решение за недостигот на возачи



# ИРУ СЕ ЗАЛАГА ЗА ПОГОЛЕМО АНГАЖИРАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО ТРАНСПОРТОТ

И покрај кризата од недостиг на возачи, жените сочинуваат само 22 проценти од вработените во транспортната индустрија

Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ се приклучува на платформата на Европската Унија за поголемо ангажирање на жените во транспортот, која има за цел да го зголеми вработувањето на припадничките на понежниот пол во компаниите од оваа област, да понуди конкретно решение за недостигот од возачи и да обезбеди еднакви можности за мажите и жените во транспортниот сектор. Притоа, се наведува дека и покрај кризата од недостиг на возачи во индустријата, жените сочинуваат само 22 проценти од вработените во транспортната индустрија.

Заедно со другите заинтересирани страни во транспортот, ИРУ има потпишано заедничка декларација, во која се нагласува нејзината заложба за справување со недостатокот на рамнотежа меѓу половите во секторот, за да се охрабрат повеќе жени за нивно вклучување во професионалното возење и со тоа да ја направат работата во оваа дејност поатрактивна за сите.

Платформата за промени и за поголемо учество на жените во транспортот беше развиена од Европскиот економски и социјален комитет, во соработка со Европската комисија, која претставува своевидна влада на Европската Унија. Платформата ќе ги прикаже активностите и добрите практики во транспортната индустрија во ЕУ што ги преземаат нејзините членки во полза на родовата еднаквост, а тоа треба да овозможи создавање предуслови, активности и мерки за стимулирање на поголем ангажман на жените во сферата на транспортот, што е и една од целите на ИРУ.

С.П.Т.

Со одлука на генералниот секретар на Меѓународната унија за патен транспорт

## Борис Бланш – назначен за извршен директор на ИРУ



Борис Бланш е назначен за извршен директор на Меѓународната унија за патен транспорт (ИРУ), најголемата транспортна асоцијација во светот. Бланш, кој претходно беше главен оперативен директор во ИРУ, а на новата позиција доаѓа со одлука на генералниот секретар на ИРУ – Умберто де Прето, во иднина треба да ја координира, да го зјакнува работењето и да ја застапува асоцијацијата, како и да ја надополнува нејзината досегашна улога, водејќи ги операциите, финансиите и услугите со додадена вредност што ИРУ ги обезбедува за индустријата, особено за системот ТИР.

Борис Бланш се приклучи на ИРУ во 2012 година, како шеф за внатрешна контрола, воведувајќи контроли за управување со ризици и подобри системи за управување и организациско преструктуирање. Како главен оперативен директор од 2014 година, тој сукцесивно ги предводеше сите оперативни активности, вклучувајќи ги ТИР и транзитните системи, иновациите, осигурувањето и Академијата на ИРУ. Во текот на овој период, неговите силни менаџерски таленти и стратешка визија, помогнаа ИРУ да се трансформира, за да може подобро да им служи на своите членки, на партнерите и на индустријата за патен транспорт, како и за поставување на иновациите и пазарната интелигенција во срцето на организацијата.

Како извршен директор, тој ќе ја продолжи својата клучна улога во помагањето на генералниот секретар во водењето на оваа трансформација, со посебен акцент на понатамошно зајакнување на работата за застапување на ИРУ, поефикасно да ја објави клучната улога на индустријата за патен транспорт во возењето на трговијата, економскиот раст, безбедноста и одржливоста.

До ноември поради непочитување на сообраќајните правила



# ВО МАКЕДОНИЈА 139 ЗАГИНАТИ И 7.330 СООБРАЌАЈКИ

Од овој вкупен број сообраќајки, половината или 3.694 се со потешки последици, а со материјална штета се 3.636

Поради непочитување на правилата за ограничување на брзината и за држење страна и правец на движење, во Македонија од јануари до ноември годинава се случиле вкупно 7.330 сообраќајни незгоди, од кои во 122 несреќи, загинале 139 лица. Од вкупниот број сообраќајки, пола од нив, или 3.694 се со потешки последици, а со материјална штета се 3.636 – ова го покажуваат индикаторите на Републичкиот сојуз за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП) распоредени во седум области на дејствување во согласност со препораките на Европскиот совет за безбедност во сообраќајот. Притоа, засега податоците покажуваат дека има пад во бројот на сообраќајки со смртни последици и загинати лица во однос на 2016 година, кога во 150 незгоди со смртни последици загинале 165 луѓе, а преклани бројката била 148 загинати. И покрај тоа, според претседателот на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП), Стојче Стаменковски, ова се загрижувачки бројки.

Сепак, од РСБСП годинава ја оценуваат како успешна во однос на активностите кои ги преземаат, за што говорат и податоците во кои се наведува дека е намален бројот на сообраќајни незгоди, повредени и загинати лица во однос на претходната година. Притоа, според нив, 81 процент од возачите во Пехчево користат сигурносен појас, додека 91,3 проценти штипјани не го користат. Во Лозово 70,6 проценти од возачите на мопеди користат заштитна кацига, додека 93,7 проценти во Василево не ја користат. Индикаторот што се однесува на пешаците покажува дека во Штип 94 проценти од возачите застанале пред пешачки премин да пропуштат пешак, додека во Ресен 77,4 проценти не застанале. Во скопски Карпош 86,5 проценти од пешаците поминале на пешачки премин, додека во Василево се поминувало надвор од пешачките ознаки. Истовремено, податоците на РСБСП што се однесуваат на бројот на возачи кои управуваат нерегистрирани возила, покажуваат дека во Пехчево се регистрирани 100 проценти од автомобилите, а во Прилеп има 26 проценти нерегистрирани возила. Кратовци, сакаат да стиснат на педалата за гас и 7,6 проценти од нив ја пречекориле дозволената брзина над 50 километри на час, додека во Кичево 78,4 проценти од возачите возат со дозволена брзина.

Во РСБСП велат дека следењето на примената на индикаторите за безбедноста во сообраќајот е еден од современите пристапи кои најмногу ветуваат.

Нова кампања на РСБСП

## „И оваа година безбедноста има предност– 2018 најбезбедна до сега“

Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП) започна нова кампања под мотото: „И оваа година безбедноста има предност– 2018 најбезбедна до сега“, која ќе се реализира во пресрет на периодот на новогодишните и божиќните празници, кои се карактеристични по големиот број веселби, изобилство на алкохол, забави до раните утрински часови, проследени со интензивен сообраќај и патувања по смрзнати коловози. Токму затоа, од РСБСП до сите учесници во сообраќајот апелираат да бидат одговорни, да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи, да не возат брзо и да не возат под дејство на алкохол.

– Оваа кампања е креирана во духот на позитивното празнично расположение, а преку љубовта и припадноста што се отсликуваат во неа, целиме кон тоа, да ги потсетиме сите учесници во сообраќајот дека за новогодишните и божиќните празници најважно е да стигнеме здрави, живи и безбедни во своите домови и празниците да ги поминеме во кругот на семејството и пријателите. Новата 2018 година да ја започнеме со мисла, со надеж и со верба, дека треба да биде најбезбедната година до сега. Секој поединечно и сите заедно можеме да го направиме сообраќајот да биде безбеден и сигурен. Колку ќе ги почитуваме сообраќајните правила и прописи зависи од нас самите, од нашата култура, од нашата желба, толеранција и дисциплина. Последиците од сообраќајните незгоди се




премногу сериозни за да бидеме комотни во сообраќајот. Затоа, во 2018 година бидете позитивен пример и дајте го својот придонес за побезбеден сообраќај – велат од РСБСП!

Со потпишување на спогодба на националните бироа за осигурување

# ПОБРЗ НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ПРИ СООБРАЌАЈКА ВО АЛБАНИЈА

Потпишаната Спогодба претставува големо олеснување за возачите од Македонија и Албанија бидејќи нема да мораат да ги нарушуваат или одлагаат своите деловни или туристички планови за да ја наплатат настанатата штета во случај на сообраќајна несреќа

Македонија потпиша Спогодба за заштита на посетителите и со Албанија која на возачите, како и со другите земји од регионот, им овозможува побрз и поефикасен надомест на штета во случај на сообраќајна несреќа. Спогодбата ја потпишаа првите луѓе на националните бироа за осигурување на двете земји, директорот на македонското биро, Трајче Латиновски, и Кевин Леши, в. д. на албанското биро. Оваа спогодба се надоврзува на веќе потпишаните спогодби со националните бироа на: Грција, Турција, Швајцарија, БиХ, Црна Гора, Луксембург, Србија, Хрватска, Бугарија и Словенија, а со неа се предвидува оштетеното лице, кое



претрпело штета на територијата на другата држава, по враќањето во матичната земја да се обрати во своето Национално биро за осигурување. Ова, во соработка со Бирото, во државата каде што се случила сообраќајната несреќа, ќе овозможи побрзо собирање на документи и информации потребни за остварување на правата за надомест на штета.

Од Националното биро за осигурување на Македонија сметаат дека потпишаната Спогодба претставува големо олеснување за возачите од двете земји бидејќи нема да мораат да ги нарушуваат или одлагаат своите деловни или туристички планови за да ја наплатат настанатата штета во случај на сообраќајна несреќа, односно, преку националните бироа во иднина ќе можат правото на надомест да го остварат и по враќањето во матичната држава. Ваквата спогодба, како што појаснуваат од македонското Национално биро, е така креирана за да им даде на државите надвор од ЕУ можност да обезбедат дополнителна заштита и помош на своите граѓани кои со моторни возила патуваат на територијата на други држави. Таа се потпира на најдобрите одредби од четвртата и петтата Директива за моторни возила на ЕУ, кои се познати по тоа што се во најголема мера посветени на заштитата на трети оштетени лица. Овој механизам се смета како најблизок модел што постои за државите на ЕУ и потпишувњето на овој документ е добар начин, државите кои се надвор од ЕУ да се подготват за пристап кон Унијата, во делот на прекуграничниот сообраќај на моторни возила.

J.C.


АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

ASSOCIATE TRAINING INSTITUTE
IRU





| [ ЈАНУАРИ ] | | |
|---|---|---|
| **ВОЗАЧИ** | | |
| ОБУКА | Среда,<br>Вторник, | 03.01.2018 [ 10 ч. ]<br>16.01.2018 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Четврток,<br>Среда, | 11.01.2018<br>24.01.2018 |
| **УПРАВИТЕЛИ** | | |
| ОБУКА | Петок,<br>Среда, | 05.01.2018 [ 10 ч. ]<br>17.01.2018 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Петок,<br>Четврток, | 12.01.2018<br>25.01.2018 |
| **АДР** | | |
| ОБУКА | Вторник,<br>Четврток, | 09.01.2018 [ 10 ч. ]<br>18.01.2018 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Вторник<br>Петок, | 16.01.2018<br>26.01.2018 |
| **АДР СОВЕТНИЦИ** | | |
| ОБУКА | Четврток, | 18.01.2018 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Петок, | 26.01.2018 |

ЦЕНТАР ЗА ОБУКА · СЕРТИФИКАТИ · МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКРЕДИТАЦИИ

АМЕРИТ
ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

тел. **02/ 32 98 967** лок.130
e-mail: **obuka@amerit.org.mk**

Scania

# ПАКЕТ-НОВИТЕТИ ЗА УРБАНИТЕ КОРИСНИЦИ




**Од десетте години развој и двете милијарди евра инвестиции, произлезе уште една тура новитети од Scania**

Со претставувањето на новите R и S серии за долголиниски транспорт, Scania минатата година ја започна најголемата моделска офанзива, која есенва продолжи со робусните градежнички камиони од серијата XT. Претставувајќи низа новитети со кои навлегува во сосема нови пазарни подрачја, Scania сега се обраќа на корисниците кои работат во урбаниот транспорт. Иако проширувањето на гамата е во повеќе насоки, фокусот е на новата L-серија камиони наменети за дистрибуција и превоз главно во градски средини со густ сообраќај.

„Постои јасен тренд за возила за урбана употреба со кабини со низок влез кои досега беа реткост и главно се користеа за собирање отпад, но сега имаат сè поголема примена и постои голем интерес за нив. Факт е дека сега во градските јадра постојат зони со ограничено ниво на бучава, правила за емисиите и други ограничувања поврзани со сообраќајот, така што традиционалните



Со 7-литарскиот агрегат Scania во новата генерација камиони има понуда од 18 различни мотори од четири семејства, со распон на јачина од 220 до 730 KS



Новата двојна кабина на Scania може да биде опремена со шест воздушни перници

камиони мора да се приспособат на новите потреби. Во честите барања за модернизација на флотите посебно се добредојдени камионите со низок влез, заштитен прозорец на вратата на совозачот и тивок мотор со погон на гас или биометан", објаснува Хенрик Енг, производствениот директор на секторот за градски возила во Scania.

Кабините од L-серијата се долги 2 метра и достапни со три висини на покривот. Оддалеченоста на подот е околу 80 сантиметри во зависност од изведбата, оптоварувањето и пневматиците, а ширината на скалилото за влез е широка 79 сантиметри. Согласно со намената, оваа кабина може да биде опремена со функција за автоматско спуштање (kneeling), која се активира со паркирната сопирачка. Покрај тоа, пред моторниот тунел е направен посебен премин кој го олеснува движењето внатре во кабината. Нискиот влез сепак, не ги нарушува возните својства бидејќи клиренсот изнесува 24 cm. Мислено е и за надградбите, кои можат да се постават на само 42 сантиметри зад центарот на предните тркала. Уште еден корисен детаљ за градско возење е прозорчето на вратата на совозачот, кое значително ја подобрува прегледноста кон површините каде што најчесто се наоѓаат најранливите учесници во сообраќајот – пешаците и велосипедистите.

Претежно за градска употреба, но засега само за серијата P, е наменет и новиот DC07 мотор на Scania. Овој агрегат со работна зафатнина од 6,7 литри е најмал во камионите на шведскиот производител. „Со нашето ново семејство мотори значително ја прошируваме понудата за сè поголемиот број купувачи кои своите работни задачи ги извршуваат во град. Неговата тежина помала за 360 кг во споредба со 9-литарскиот DC09 и значително пониската потрошувачка на гориво, го прават конкурентен во однос на останатите. Сепак, и покрај намалувањето, овој мотор ги задржа познатите за Scania перформанси, без отстапка", рече за него Енг.

Овој реден 6-цилиндричен мотор е развиен во соработка со Cummins, кој е долгогодишен партнер на Scania. Има турбокомпресор со фиксна геометрија, а Еуро VI нормите ги остварува со користење на SCR-систем. Покажува добри својства на ниски вртежи и прв е во својата класа, а има 1.200 Nm вртежен момент. Работи тивко, а со помош на контролните единици од сопствен развој овозможува совршена интеграција со Scania Opticruise трансмисијата и дијагностичката SDP3 програма. Кај него се среќаваат околу 100 нови делови, но и многу унифицирани благодарение на модуларниот систем на конструкција на моторите. Уште една предност на новиот мотор кој ќе доаѓа со 220, 250 и 280 коњски сили е помалата висина што конкретно во кабината на P-серијата резултира со моторен тунел понизок за значајни 95 mm.

Кабината на P-серијата беше основа и на решението што ќе го поздрават бројни специјализирани служби кои на терен патуваат со повеќечлена екипа. Специјално за нив е создадена нова двојна кабина, со користење на модуларниот систем на градба кој освен што нуди високо ниво на безбедност, овозможува и брзо и едноставно производство. Вториот внатрешен простор наменет за посадата, по потреба, може да биде опремен со одвоени системи за греење, вентилација и климатизација, со мануелна или автоматска контрола. Седиштата може да бидат засебни или во облик на едноставна клупа, со различни конфигурации на сигурносните појаси. Нова CrewCab кабина ќе биде достапна во две должини и со три висини на покровот. Ќе може да се нарача со DC09 и DC13 мотори, Scania Opticruise или Allison менувачи и различни шасии и меѓуоскини растојанија.



Третата фаза од европската моделска офанзива на Scania ја предводи градската L-серија



International Truck of the Year 2018 – DAF CF и XF

# НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ

Камион, ван, пикап и автобус на 2018 година станаа DAF CF и XF, Iveco Daily Blue Power, Volkswagen Amarok и Irizar i8

Доаѓањето на секоја нова година со себе носи и награди за најдобрите комерцијални возила – стручните жирија веќе ги доделија титулите меѓународен камион, ван, пикап и автобус на годината. Лауреат во најтешката категорија заеднички станаа новите CF и XF серии на DAF, кои на холандскиот производител му ја донесоа петтата титула International Truck of the Year во 30-годишното постоење на наградата. „Со воведувањето на новите XF и CF серии, DAF поставува нови стандарди во долголинискиот транспорт во поглед на ефикасноста и вкупните перформанси", накратко објасни Џаненрико Грифини, претседателот на жирито за избор на меѓународен камион на годината. Ова жири составено од претставници на 23 земји, на новите модели на DAF им даде 104 бодови. Второто место го освои Iveco Stralis NP 460 со само осум бодови помалку, додека на третото место се најде Scania XT со 59 бодови. Тие истакнаа дека победникот ги импресионирал со целосно новиот погонски склоп со високоефективните менувачи и задни оски. Тоа заедно со новиот компактен систем за третман на издувните гасови, унапредениот софтвер и аеродинамиката резултираше со намалување на потрошувачката и емисијата на $CO_2$ за цели 7 %. Покрај тоа, инженерите на DAF успеаја да ја намалат тежината за дури 300 килограми што дополнително ја зголемува оперативната ефикасност.




International Van of the Year 2018 – Iveco Daily Blue Power

И Iveco со заеднички сили дојде до титулата International Van of the Year 2018 која на италијанскиот тим му ја донесе Daily Blue Power. Ова е трета титула за Iveco, која нивниот доставен адут ја заслужи со првиот Euro 6 2020 Ready дизел-мотор, првата комбинација на мотор со погон на гас и автоматски менувач и подобрената изведба на електричниот погон. Годинава во потесен избор за наградата влегоа уште и Ford Transit Custom, Renault Kangoo Z.E. и Volkswagen Caddy TGi. Карактеристично е што три од четирите кандидати имаа некој вид алтернативен погон. Жирито составено од 25 члена од исто толку земји, на Daily му додели 113 бодови, за 34 повеќе отколку на Transit Custom, додека третото место го освои Caddy. Пресуди тоа што Iveco со Daily, понуди три усовршени и еколошки прифатливи погонски решенија. Сите три се значајни, но најмногу дизел-моторот кој ги исполнува стандардите кои ќе стапат во сила дури во 2020 година што беше независно верификувано од страна на Netherlands Organisation for Applied Scientific Research институцијата. „Му честитаме на Iveco на импресивните развојни достигнувања со Daily Blue Power. Iveco отсекогаш бил на чело на одржливоста во сегментот на лесни

комерцијални возила. Новата Blue Power програма ја потврдува оваа позиција", рече Јарлат Свини, претседателот на жирито.

Нудејќи широка палета V6 мотори и изведби, како и бројни технички иновации, новата генерација на Volkswagen Amarok од страна на специјализираното меѓународно жири беше наградена со титулата International Pick-up Award 2018. По повеќедневните тест-возења во Романија, минатиот месец на кои силите ги одмерија уште и Mercedes-Benz X-класа, Renault Alaskan и Toyota Hilux, Amarok V6 доби најмногу бодови од жирито – вкупно 56. Дека изборот беше многу неизвесен покажуваат и 50-те освоени бодови на X-класата, додека Hilux имаше 41. При бодувањето се оценуваа погонскиот склоп, можностите за превоз на товар, вкупните трошоци за сопственост, комфорот и теренските можности. Оваа титула се доделува по четврти пат, а значајно е тоа што и првата ја освои токму Amarok. Тој сега се нуди исклучиво со 3.0 V6 TDi мотори, со што е единствен на пазарот на вакви возила во Европа. Овој Еуро 6 мотор располага со три нивоа на моќност: 120, 150 и 165 kW и неколку комбинации на трансмисија. „Благодарни сме на титулата и почестени сме со одлуката на стручното жири. Со новиот Amarok ги послушавме желбите на купувачите и понудивме повеќе сила и вртежен момент, а исто така и повеќе способности на кој било терен", изјави Екхард Шолц, претседателот на Управниот одбор на одделението на Volkswagen за комерцијални возила.

Битка со интересен исход се водеше и во автобуската категорија, во која жирито во кое членуваат претставници од 22 водечки европски ревии за комерцијални возила ја додели титулата Coach of the Year 2018 на Irizar i8, прва за шпанскиот производител. За најпрестижната награда во светот на автобусите, конкурираа уште и Iveco Evadys, Mercedes-Benz Tourismo, Neoplan Tourliner, Scania Interlink и VDL Futura FDD2. Жирито го награди големиот напредок кој Irizar го постигна минативе години, со што успеа да се позиционира помеѓу најдобрите независни производители на автобуси. Моделот i8 е најпрестижниот во гамата, а во изборот учествуваше верзијата со три оски во Интеграл изведба што значи дека и шасијата која опционално се нуди и од нерѓосувачки челик е производ на самата компанија. За погон се користи DAF погонски склоп со 13-литарски MX-13 мотор со 510 KS и автоматизиран ZF менувач. Овој автобус може да се пофали со добар спој на дизајнот, технологиите и исклучителниот комфор. Го карактеризираат остри рабови и хромирани додатоци, додека комплетното осветлување, како однадвор така и однатре, е изведено во ЛЕД-технологија. Патничкиот простор има потполно рамен под и многу удобни патнички седишта со широк горен дел на наслонот, кои доаѓаат од сопствен развој.



Coach of the Year 2018 – Irizar i8


International Pick-up Award 2018 – Volkswagen Amarok




Ford си зададе рок за 18 месеци да ја обнови својата понуда во сегментот на лесни комерцијални возила – сега на ред стигнаа Transit Connect и Courier

# ОБНОВУВАЊЕ НА ГАМАТА

Ford објави дел од деталите за обновените модели Transit Connect и Courier и нивната патничка варијанта Tourneo

Продолжувајќи да ја обновува својата доставна гама, Ford стигна до помалите модели кои го носат името Transit Connect и Courier. Претходно низ сличен третман помина и малку поголемиот Transit Custom. Планирани за пазарно лансирање дури налето идната година, новите комерцијални возила се разликуваат по редизајнираната маска, светлата и браникот, кои сега изгледаат помодерно и целосно се вклопуваат во визуелниот идентитет на моделската гама на Ford. Со скромен обем се и зафатите во внатрешноста – новите модели ќе имаат нова инструмент-табла, нов, за жал, само 6-инчен екран на инфозабавниот систем, редизајнирана централна конзола и малку поквалитетни материјали. Освен тоа, од Ford најавија и нови безбедносни системи и обновена понуда на моторите кои ќе имаат помала потрошувачка на гориво.




И нивните патнички верзии кои ја носат ознаката Tourneo ќе ги добијат истите измени – изгледот, безбедносните системи и новите мотори

„Новите Transit Connect и Courier се пространи и флексибилни и ќе нудат нови технологии како што се SYNC 3 поврзувањето со цел корисниците да извлечат максимум од својот активен начин на живот. Софистицираните технологии на погонските склопови, вклучувајќи го и наши-

од подобрен 1.0 EcoBoost бензински мотор со деактивација на цилиндрите, ги прават овие модели уште поефикасни и поевтини за возење", рече за нив Релант де Ваард, потпретседателот за маркетинг, продажба и услуги во Ford of Europe. Тој додаде и дека нов во дизелската понуда ќе биде 1.5 EcoBlue моторот кој ги задоволува Евро 6.2 стандардите за емисиите на издувните гасови. Новите Transit Connect и Courier ќе доаѓаат со сервисни интервали продолжени на 40.000 км.

Меѓу безбедносните системи се вбројува и новиот, прв во сегментот Intelligent Speed Assist, кој овозможува автоматско приспособување на максималната брзина во легално дозволените ограничувања, а тука се и веќе познатите Pre-Collision Assist со Pedestrian Detection системот за превенција од судари и препознавање на пешаци, Side Wind Stabilisation – за стабилизација при бочен ветар, како и Active Park Assist кој му помага на возачот при паралелно или странично паркирање.

Connect и Courier се најмалите модели во понудата на семејството на Ford Transit. Секој во своето време кога се појавија „на јуриш" го освои пазарот, а нивната популарност посебно е изразена во последниве години кога забележаа зголемување на продажбата од 8 %.



Освен со збунувачкиот систем на именување на својата доставна гама, Ford сега и со нивниот изглед ќе им предизвикува дилеми на купувачите

РЕГИСТРИРАЈ СЕ НА ВИСТИНСКОТО МЕСТО

▪ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И РЕГИСТРАЦИЈА НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА ▪ МЕЃУНАРОДНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ ▪ АТП ПРЕГЛЕД ▪
▪ ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО ▪ КАЛИБРАЦИЈА НА ДИГИТАЛНИ И АНАЛОГНИ ТАХОГРАФИ ▪
▪ ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИ ТАБЛИЧКИ И ПОТВРДА ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ ▪ СИТЕ ВИДОВИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД СИТЕ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ ▪

ул. „1506" бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 лок. 113
MakedonijaSoobrakajAMERIT | www.amerit.org.mk

МОТО АМЕРИТ

AutoBest 2018




Citroen C3 Aircross - Best Buy Car of Europe 2018

# НОВИОТ CITROEN C3 AIRCROSS ЈА ОСВОИ ТИТУЛАТА

- Ли Шуфу, основачот на Geely, е освојувач на ManBest 2017 наградата
- Со CompanyBest 2017 е награден Jaguar Land Rover
- SportBest 2017 отиде кај Фриц Енцингер, потпретседателот на Porsche LMP1

Citroen C3 Aircross е освојувач на AutoBest 2018 титулата за Best Buy Car of Europe 2018, односно автомобил кој нуди најмногу за својата цена. Со вкупно 1.423 бодови, C3 Aircross се избори за првото место со комфорни 121 бод предност пред Opel Grandland X.

Volkswagen T-Roc стана трет со вкупно 1.205 бодови, а во финалното рангирање следуваат: Seat Ibiza, Ford Fiesta и Honda Civic.

„Задоволство ми е да ѝ честитам на Линда Џексон и нејзиниот менаџерски тим за освојувањето на AutoBest 2018 титулата. Пред ваква конкуренција C3 Aircross се покажа како шампион, убедувајќи ги членовите на жирито дека е вистинскиот избор за ова издание. Ова исто така е и нова победа за SUV-моделите која уште еднаш ја докажува способноста на жирито не само да ги следи случувањата на пазарот туку и да ги открие трендовите, давајќи им на европските потрошувачи вистински водич за купување автомобили што се погодни за утрешнината!“, рече Илиа Селиктар, претседателот на жирито.

„Во ретка ситуација во историјата на AutoBest, годинава имавме 6 нови модели кои се натпреваруваа за Best Buy Car of Europe титулата. Конкуренцијата беше жестока, а Citroen C3 Aircross оствари значајна победа и стана европски шампион! Доаѓајќи од членовите на жирито на толку многу земји на нашиот континент, резултатот е релевантен на европско ниво. Тоа е исто така јасен резултат на новиот пат на Citroen заснован на храбри стратегии, нова гама и јасен идентитет на брендот“, изјави Дан Варди, основачот и претседател на AutoBest.



Фриц Енцингер, Porsche LMP1 – SportBest 2017



Ли Шуфу, Geely – ManBest 2017

ManBest 2017 наградата се доделува на господин Ли Шуфу, основач и претседател на групацијата Geely Holding. Потекнувајќи од скромно кинеско село, претседателот Ли, изгради импресивна автомобилска група, интегрирајќи брендови како: Volvo Cars, Proton, Lotus, London Taxi и лансирајќи го брендот Lynk & Co со еден револуционерен пристап во автомобилската индустрија. Неодамна тој го комплетираше преземањето на перспективната компанија за летачки автомобили Terrafugia.

CompanyBest 2017 наградата отиде кај Jaguar Land Rover. Таа претставува признание за неверојатниот пат на британската компанија под водство на д-р Ралф Шпет и неговиот менаџерски тим. Откако Tata Motors го презеде JLR, компанијата со голем успех воведе извонредни и глобално привлечни нови модели на Jaguar, Land Rover и Range Rover. Таа не само што направи пресврт на финансиски план туку и со остварената профитабилност од возило, стана и репер во автомобилската индустрија.

Фриц Енцингер, потпретседателот на Porsche LMP1, е освојувач на SportBest 2017 наградата. Австриецот веќе беше многу почитуван менаџер во мотоспортот. Под негово водство е развиен хибридниот Porsche 919 кој во 2014 година дебитираше на светскиот шампионат за издржливост, освојувајќи ја финалната трка во Сао Пао-ло во својата прва сезона. По 34-те трки на прототипот 919, Енцингер може да се гордее со 20-те пол-позиции, 17-те победи (од кои 7 двојни) и 6-те светски титули.

Годинава AutoBest жирито одлучи да не ја додели TechnoBest наградата.

„Ова е втора година како членовите на жирито одлучуваат да не ја доделат најважната награда за традиционалните автомобилски технологии. Не можевме да видиме нови важни за напредокот технологии што е знак дека автомобилската индустрија помалку инвестира во нив и се свртува кон IT-секторот“, коментираше Дан Варди.

17-тата AutoBest Awards свеченост ќе се одржи на 7 февруари 2018 година во Салцбург, Австрија. Следејќи ја традицијата, меѓународното AutoBest жири ги доделува наградите во различна земја секоја година.





АМЕРИТ ЕКСПЕРТИЗА

Тел: 02 32 98 967 | e-mail: ekspertiza@amerit.org.mk

Словачка

# Ограничувања во превозот на стока во 2018

**Возила**

Камиони и комбинирани возила со вкупна дозволена тежина поголема од 7,5 т камиони со вкупна дозволена тежина поголема од 3,5 т со приколка или со полуприколка

**Област**

На автопати, магистрални патишта и главни патишта (класа 1)

**Забрана**

Во неделите и државните празници од 00:00 часот до 22:00 часот, во сабота помеѓу 1 јули и 31 август од 7:00 до 19:00 часот

**Возила**

Камиони и комбинирани возила со вкупна дозволена тежина поголема од 12 т

**Област**

На патишта од класа III

**Забрана**

Постојана

**Исклучоци**

Автобуси, каравани, возила на оружените сили, полицијата и словачката служба за безбедност, возила за неопходни сезонски земјоделски работи, возила што превезуваат медицински инструменти или биолошки или фармацевтски производи во болници или медицински установи, или да обезбедат испорака на медицинска опрема во болниците или во здравствените установи, возила што се користат во комбиниран превоз или за товарење или истоварување на бродови или возови на територијата на Република Словачка, возила што се користат за културни или спортски настани, а особено за превоз на бродови, мотоцикли, коњи, птици итн. да им помагаат на возилата што се потребни при случаи на несреќи или природна катастрофа, возила што превезуваат опасни материи, оние што се користат за снабдување со бензински пумпи и возила што превезуваат прехранбени производи или добиток.

Доколку побара полицаецот, за време на периодот на забрана за возење, возачот мора да докаже дека неговото возило се користи за една од горенаведените цели.

**Отстапки**

Во согласност со Законот 9, § 140 од 2009 година, дозволата за возење во текот на часовите на ограничување на возењето може да се добие во вонредни и неизбежни случаи, ако тоа не ја загрозува јавната безбедност. Доколку овластувањето е потребно за територијата на еден регион, релевантниот Регионален сообраќаен инспекторат е надлежен да се справи со барањето за изземање. Ако дозволата е потребна за подрачје што опфаќа повеќе од еден регион, барањето за изземање треба да биде упатено до Одделот за сообраќајна полиција на Претседателството на полицискиот корпус, Рапијанска 45, 812 72 Братислава, тел.: +421 9610 50221. Прашањето за одобренија е предмет на административни такси. Овластување се доделува ако барањето е оправдано и при презентирање на заверени документи што укажуваат на потребата од транспортното работење. Овластувањето останува валидно за период од 30 дена.

## Државни празници 2018

| | |
|---|---|
| 1 јануари | Нова година |
| 6 јануари | Водици |
| 30 март | Велики петок |
| 2 април | Велигден |
| 1 мај | Денот на трудот |
| 8 мај | Примирје 1945 |
| 5 јули | Свети Кирил и Методиј |
| 29 август | Годишнина од словачкото национално востание |
| 1 септември | Ден на Уставот |
| 15 септември | Пресвета Богородица од седумте болки |
| 1 ноември | Ден на сите светци |
| 17 ноември | Ден на борба за слобода и демократија |
| 24 декември | Бадник |
| 25 декември | Божиќ |
| 26 декември | Свети Стефан |

*Извор: CESMAD Словачка*

Данска

# ДДВ, патнички транспорт/ Автобуски туристички оператори

Како што е утврдено во делот 19 на Данскиот закон за ДДВ (Momsloven), странските туристички автобуски превозници, кои обезбедуваат туристички превоз во Данска, се должни да се пријават и да плаќаат ДДВ (види и член 13 (1) став 15 од Законот за ДДВ).

## Како да го регистрирате вашиот бизнис за ДДВ

Регистрирајте го вашиот бизнис за ДДВ со пополнување на образецот 40.112, кој се наоѓа на: https://indberet.virk.dk/search/virk/40.112.

Откако ќе се регистрирате, ќе добиете потврда за регистрација со вашиот дански CVR/SE број (број на централна регистрација на бизнис/ДДВ број), кој ќе биде испратен на вашата поштенска адреса.

## Изјава за ДДВ

Откако сте го регистрирале вашиот бизнис за ДДВ, мора да пријавите ДДВ за секој ДДВ период. Ќе добиете информации за периодот на ДДВ во врска со регистрацијата. Мора да го пријавите ДДВ-то користејќи го самостојниот сервис за Е-данокот за бизниси на SKAT (TastSelv Erhverv), кој е достапен на англиски јазик. За да влезете во Е-данокот за бизнисите, треба да побарате лозинка за Е-данок.

## Како да нарачате лозинка за Е-данок

За да нарачате лозинка за Е-данок, следете го линкот www.skat.dk/password-business. Во прозорецот што се отвора, внесете го CVR / SE бројот на вашиот бизнис и кликнете на Bestil за да ја нарачате вашата лозинка. SKAT потоа ќе ви испрати писмо со лозинка.

Треба да ја користите лозинката за да креирате лозинка за Е-данок за вашиот бизнис. (Имајте предвид дека лозинката вклучена во писмото истекува по 30 дена). Одете на www.skat.dk/english и одберете: Пријави со лозинка за Е-данок (под Деловни субјекти). Користете ја лозинката во вашето писмо за да се најавите и да создадете своја сопствена лозинка. Лозинката што ја креирате е онаа што треба да ја користите за идните најави.

Ако заборавите да пријавите ДДВ, СКАТ автоматски ќе го процени плаќањето на ДДВ, а каматата и надоместоците ќе се наплаќаат.

Повеќе информации се достапни на www.skat.dk/ на англиски јазик. Можете да ја контактирате SKAT телефонски на +45 72 22 18 18 или да испратите e-mail. Погледнете на www.skat.dk/contact.

*Извор: SKAT*

Унгарија

# Ограничувања во превозот на стока во 2018

### Возила

Товарни возила, земјоделски трактори и нивните приколки со над 7,5 т MPW

### Област

Низ целата патна и автопатска мрежа

### Ограничување

а) од 1 јули до 31 август: од сабота 15:00 часот до недела 22:00 часот, од 22:00 часот во пресрет на државен празник до 22:00 часот на денот на празник

б) од 1 септември до 30 јуни: од 22:00 часот во пресрет на неделите и државните празници до 22:00 часот во неделите и државните празници

**Забелешка:** кога државниот празник претходи на сабота или недела во рамките на период а) или недела во рамките на периодот б), ограничувањата за возење се применуваат непрекинато од 8:00 часот на првиот ден до 22:00 часот на последниот ден.

Во текот на зимскиот период од 4 ноември до 1 март, наведените ограничувања не се однесуваат на возила од стандард ЕВРО 3 или повисоки, кои работат во меѓународен превоз.

### Исклучоци

- Возила управувани од вооружените сили, полицијата, службите на националната безбедност, затворските власти, противпожарната служба, цивилната одбрана, царината, Националната транспортна управа, итни возила.
- Во случај на комбиниран превоз, според договорот помеѓу Европската заедница и Република Унгарија за условите за патен транспорт и унапредување на комбинираниот превоз:
  - возила што патуваат помеѓу комбинираниот транспортен терминал и местото на товарење или истоварување, или
  - возила што патуваат помеѓу комбинираниот транспортен терминал најблиску до граничниот премин и граничниот премин.
- Возила што се користат за превенција или помош при катастрофи, потоа во случај на несреќа или дефект, за хуманитарни пратки (со соодветна документација), за транспорт на свежо цвеќе или растенија со исклучок на сè друго, за поштенски услуги, весници, возила кои се вклучени во работата во заедницата (за услуги за чистење на град / село, отстранување на отпад, услуги за поправка на јавните комунални претпријатија), возила од стандард ЕВРО 3 или повисок транспорт на течен гас, возила што се користат при изградба, одржување, поправка или чистење на патишта, железници и јавни комунални претпријатија, за транспорт на собрани култури или сточна храна или за преместување на земјоделските машини или бавни возила, потоа возила што превезуваат добиток, свежо млеко, свежи млечни производи, свежо и длабоко замрзнато месо и производи од месо, зеленчук, јајца, свежи пекарски производи или други расипливи прехранбени производи и возила што патуваат празни во врска со тој транспорт.
- Возила што патуваат од унгарската граница до најблискиот паркинг назначен од страна на транспортните органи за оваа намена, а за време на летните ограничувања во возењето, возилата што патуваат од границата до нивните простории во Унгарија или до првото место за истоварување, возила што се користат за превоз на опрема или животни потребни за културни, деловни или спортски настани (вклучително и превоз во врска со радио, телевизиски или кино записи), за преселување на приватни лица.
- Возила кои се вклучени во превоз до и од железнички станици, речни пристаништа или аеродроми (помеѓу просториите на испраќачот/примачот и најблиската таква станица, пристаниште или аеродром) на стоки што пристигнуваат или се пренесуваат во текот на периодот засегнат со забраната.
- Тракторно возило од ЕУРО 3 стандард или повисоко, со MPW што не надминува 7,5 т, патува без своја полуприколка.

Возачите на товарни возила, земјоделските трактори и нивните приколки од над 7,5 т, кои се ослободени од ограничувањата во возењето, треба да забележат дека за време на ограничувањата за возење (види погоре) во летниот период (1 јули - 31 август) нивните возила не смеат да ги користат патните правци: Автопатот М7, Главниот пат бр.2 помеѓу Будимпешта и Парасапушта, Магистрален пат 2А, Главниот пат бр.6 помеѓу Дунауварова и Будимпешта, Главниот пат бр.7, Главниот пат бр.10 помеѓу Дорог и Будимпешта, Главниот пат бр.11 помеѓу Естергом и Будимпешта, Главниот пат бр.12, Пат бр.1201, Главниот пат бр.51 од нејзиниот пресек со главниот пат 510 до Демош, Главниот пат бр.71 и деловите на главниот пат бр.76: помеѓу крстосниците со главниот пат бр.71 и магистралниот пат бр.7, помеѓу Залаапати и главниот пат бр.71, Главниот пат бр.55 помеѓу Алсон и Баја, Главниот пат бр.82 помеѓу главниот пат бр.8 и Веспреммарс, Главниот пат бр.84 помеѓу Сумег и главниот пат бр.71, Главниот пат бр.33 помеѓу Дорманд и Дебрецен, Главниот пат бр.86 помеѓу Јаносомор и Немесбро и помеѓу Керменд и Залабакс, Главниот пат бр.37 помеѓу Мишколц и Сатораљејхељи, Главниот пат бр.38 од нејзиниот пресек со главниот пат бр.37 до Ракамаз.

**Забелешка:** Барањата за изземање мора да се доставаат до Националниот транспортен орган: Nemzeti Fejlesztési Minisztérium - Közlekedési Hatóság 1389 Budapest Pf.102 office@nkh.gov.hu URL: www.nkh.hu.

Возачите мора да ги поседуваат документите што го докажуваат нивното изземање и треба да ги доставаат на барање до надлежните органи.

## Државни празници 2018

**Забелешка:** На неработните денови сообраќајните ограничувања нема да бидат во сила, освен кога неработниот ден паѓа во пресрет на државен празник.

| | |
|---|---|
| 1 јануари | Нова година |
| 10 март | работен ден |
| 15 март | Национален ден |
| 16 март | неработен ден |
| 30 март | Велики петок |
| 2 април | Велигден |
| 21 април | работен ден |
| 30 април | неработен ден |
| 1 Мај | Ден на трудот |
| 21 мај | Духовден |
| 20 август | Национален ден |
| 13 октомвр | работен ден |
| 22 октомври | неработен ден |
| 23 октомври | Сеќавање на револуцијата од 1956 година |
| 1 ноември | Денот на сите светци |
| 2 ноември | неработен ден |
| 10 ноември | работен ден |
| 1 декември | работен ден |
| 15 декември | работен ден |
| 24 декември | Бадник |
| 25-26 декември | Божиќ |
| 31 декември | неработен ден |

*Извор: MKFE*






**Русија**

## Зимска опрема

### Синџири за снег

Не е задолжително да се носат синџири за снег во возилото. Употребата на синџири за снег е на сопствена одговорност на возачот. Сепак, синџирите за снег се препорачуваат во Уралските планини.

### Зимски пневматици

Техничките прописи на Царинската унија (Русија – Белорусија – Казахстан) влегоа во сила на 1 јануари 2015 година. Според овие прописи, во зимските месеци (декември, јануари и февруари) возилата мора да бидат опремени со зимски пневматици во согласност со следните услови:

- Зимските пневматици мора да бидат поставени на сите тркала на транспортната единица (моторното возило без приклучена приколка или комбинација која се состои од моторно возило и приклучена приколка).
- Зимските пневматици мора да бидат посебно обележани со 3PMSF, 3 врвни планински снегулки (алпски симбол) и / или M + S, M & S, M-S, (симболи за кал и снег).
- Ако нема индикатори за изабеност на пневматиците, потребно е пневматикот да има длабочина на дизајнот од најмалку 4 (четири) мм.
- Пневматиците се сметаат за недозволени кога се појавуваат индикатори за истекување (ако се опремени со таков индикатор).
- Клиновите за пневматици, доколку се користат, мора да бидат поставени на сите тркала (сите оски) на транспортната единица. Таквите пневматици се забранети во летните месеци (јуни, јули и август).
- Периодот на употреба на зимските пневматици може да се продолжи од страна на регионалните органи на државната управа на земјите членки на царинските сојузи, доколку е потребно.

Во нормални услови, длабочината на дизајнот на шарите на пневматиците мора да го исполни следното барање, доколку не се видливи индикаторите за нивното истекување:

- За категориите на возила N2, N3 и O3, O4, со длабочина на дизајнот од најмалку 1,0 мм.
- За категоритe на возила M2 и M3, длабочината на дизајнот на шарите изнесува најмалку 2,0 мм.
- За категориите возила M1, N1 и O1, O2, со длабочина на дизајнот од најмалку 1,6 мм.

*Извор: ASMAP*



# ЦЕНИ НА ГОРИВОТО ЗА НЕДЕЛАТА 51/2017

| ЗЕМЈА | ВАЛУТА | БЕЗОЛОВЕН 95 | БЕЗОЛОВЕН 98 | ДИЗЕЛ |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | ALL | 172.00 | - | 169.00 |
| Андора | EUR | 1.080 | 1.120 | 0.976 |
| Аргентина | ARS | - | - | 18.295 |
| Ерменија | AMD | 420.00 | 440.00 | 370.00 |
| Австрија | EUR | 1.193 | 1.343 | 1.138 |
| Белорусија | EUR | 0.532 | - | 0.540 |
| Белгија | EUR | 1.402 | 1.482 | 1.372 |
| БиХ | BAM | 1.90 | 2.01 | 1.88 |
| Бразил | BRL | 4.05 | - | 3.33 |
| Бугарија | BGN | 2.13 | 2.39 | 2.15 |
| Чиле | CLP | 781 | 819 | 538 |
| Хрватска | HRK | 9.51 | 10.08 | 9.01 |
| Чешка | CZK | 30.25 | 32.38 | 28.97 |
| Данска | DKK | 10.49 | 11.26 | 8.99 |
| Естонија | EUR | 1.219 | 1.269 | 1.219 |
| Финска | EUR | 1.416 | 1.490 | 1.298 |
| Франција | EUR | 1.431 | 1.493 | 1.302 |
| Грузија | GEL | 2.55 | 2.43 | 2.33 |
| Германија | EUR | 1.335 | 1.518 | 1.181 |
| Грција | EUR | 1.503 | 1.734 | 1.286 |
| Унгарија | HUF | 357.70 | - | 368.50 |
| Ирска | EUR | 1.399 | - | 1.299 |
| Италија | EUR | 1.580 | - | 1.443 |
| Јапонија | JPY | 155.10 | 144.90 | 122.60 |
| Казахстан | KZT | 150.00 | 164.00 | 129.00 |
| Летонија | EUR | 1.194 | 1.263 | 1.094 |
| Литванија | EUR | 1.124 | 1.173 | 1.044 |
| Луксембург | EUR | 1.180 | 1.238 | 1.043 |
| Македонија | MKD | 66.00 | 67.00 | 54.50 |
| Мексико | MXN | 17.88 | - | 17.10 |
| Молдавија | MDL | 17.29 | 17.87 | 15.61 |
| Црна Гора | EUR | 1.250 | 1.320 | 1.110 |
| Холандија | EUR | 1.667 | 1.745 | 1.362 |
| Норвешка | NOK | 15.32 | 16.53 | 14.62 |
| Перу | PEN | 3.31 | 3.87 | 2.75 |
| Полска | PLN | 4.64 | 4.98 | 4.53 |
| Португалија | EUR | 1.525 | 1.564 | 1.334 |
| Романија | RON | 5.12 | 5.14 | 5.17 |
| Русија | RUB | 41.69 | - | 40.10 |
| Србија | RSD | 142.20 | - | 149.41 |
| Словачка | EUR | 1.271 | - | 1.134 |
| Словенија | EUR | 1.260 | 1.352 | 1.217 |
| Шпанија | EUR | 1.230 | 1.370 | 1.149 |
| Шведска | SEK | 14.42 | 15.02 | 14.40 |
| Швајцарија | CHF | 1.470 | 1.570 | 1.610 |
| Турција | TRY | 5.60 | 5.62 | 5.10 |
| Украина | UAH | 28.02 | 29.14 | 25.82 |
| В. Британија | GBP | 1.206 | 1.312 | 1.232 |
| САД | USD | 0.647 | - | 0.766 |
| Уругвај | UYU | 45.90 | 47.60 | 38.50 |

## КАМИОНИ

### Продавам

**Волво ФХ12 460**, еуро 3, од 2004 година, регистриран до јуни 2018 година, во одлична состојба.

**072/266-222**

**Волво ФХ 420**, од 1996 година, во исправна состојба, регистрирано до 23.11.2018 година, направен комплетен сервис, гуми 80 %.

**078/253-168**

**ДАФ ХФ95**, два камиони, едниот од 2003 година другиот од 2004 година, регистрирани со зелен картон, нови гуми, клима, вебасто.

**071/345-424**

**Ивеко евротех**, со кран, во одлична состојба. За повеќе информации јавете се на

**070/236-314**




**Ивеко Стралис**, со нов мотор, нови гуми, турбо куплунг, сет-алтернатор, алансер, акумулатори и Шмитц полуприколка, со нови гуми на 10.000 км пирели, осовината се дига автоматски.

**071/329-529**

**Ивеко Стралис**, еуро 5, на шведски таблички. Камионот се наоѓа во Ресен.

**075/233-999**

**Застава 650**, носивост пет тони, во добра состојба, со добри гуми, церада, нови акумулатори, истечена регистрација, може и замена.

**072/320-282**

**МАН 12 250 ТГЛ**, од 2009 година, димензии на товарен простор 6,90 м должина, 2,45 м ширина и 2,90 м висина. Камионот е регистриран до 10.3.2018 година.

**070/316-887**

**МАН 18 430 Д 20**, од 2006 година, еуро 4, регистриран до 28.6.2018 година, со нови гуми напред, со ретардер, клима, вебасто, фрижидер, со фул-опрема и со две клими.

**070/242-898**

**МАН ТГА**, може и замена.

**070/510-996**

**МАН кипер 10 153**, од 1995 година.

**070/362-233**

**МАН влекач**, од 1999 година, со кипер-приколка од 1992 година, има клима, темпомат, ретардер, може замена со кипер-кран или сандучар со кран.

**070/215-149**

**Влекач Мерцедес Бенз 22 32**, троосовинец, исправен, не е регистриран.

**075/602-011**

**Мерцедес Бенз Актрос 32 40**, миксер 8x4, од 2000 година, девет кубика миксер, со поминати 330.000 км, со ново буре сменето пред две години, многу сочуван, нов увоз, сменети сите амортизери и сите спони во Мерцедес сервис, може и без буре или со наместен кипер-сандак.

**070/304-271**

**Мерцедес 13 17 фургон**, од 1991 година, со поминати 270.000 км, регистриран до март 2018 година. Цена по договор, а може и замена.

**075/203-763**

**Мерцедес Атего 12 18**, од 2008 година, во одлична состојба, со реални 420.000 км поминати, со опрема, клима, шпер-моторно кочење, со електрични прозори и друго, сервисна книшка, кука за влечење и инсталација, со гуми 70 %, должина 7,30 x 2,50 товарен простор, носивост од 5.800 кг, сега донесен од Германија, средени документи до регистрација, царина, хомологација, превод на документи. Камионот е во одлична форма.

**070/220-599**

**Сканија Г480 ЦБ6хМХЗ**, кипер, од 2010 година, со поминати 192.000 км, еуро 5, со мануелен менувач, со еден кревет и сандак 4500x2400x1100.

**070/311-015**

**Сканија Р124**, 420 кс, од 2004 година, со два резервоари по 1.420 литри, гуми предна осовина 80 %, погон 80 % + резервна гума и приколка Кроне, од 2004 година, со гуми прва осовина 60 % , средна 50 %, задна 70 % + резервна гума, со нов покрив.

**078/270-798**

**Влекач Сканија П114 В8 580.**

**070/235-428**

**Сканија Р500**, еуро 5, со ладилник Шмитц.

**070/218-740**




## АВТОБУСИ

### Продавам

**Неоплан Старлајнер**, од 1999 година, 49+2 седишта, ВЦ, темпомат, ретардер, климатроник, можна замена.

**070/269-230**

**Високотуристички автобус Сетра 315 ХДХ**, од 2000 година, со АБС, ретардер, темпомат, клима, тоалет, ВИП-верзија, со шест нови гуми. Возилото е регистрирано со зелен картон, по сообраќајна има 57 седишта, еуро 3, со можност за замена за поново.

**070/238-483**



**Високотуристички автобус Неоплан ВИП 3316/3 СХДЛ**, од 2005 година, со МАН мотор 480 кс, еуро 4, со поминати 665.187 км, двоозонска клима, ретардер интардер, темпомат, ТВ, ДВД, фрижидер, кујна, ВЦ, навигација, фул-опрема, регистриран до март 2018-та година, со 58 ВИП-седишта, нови гуми. Ве молиме без замени. Цената е 35.999 евра + 18 % ДДВ.

**078/321-713**

## ДЕЛОВИ

**Полуприколка Кроне од 2002 година**, термокинг максима 1200, регистрирана во одлична состојба и полуприколка Шмитц од 1998 година.

**070/320-740**

**Полуприколка Шварцмулер Мега од 2006 година**, во перфектна состојба, со добри гуми, сервисирана, комплетно регистрирана цела година, на МК таблички. Цената е по договор.

**070/207-873, 070/817-597**

**Полуприколка Шмитц**, од 2005 година, со процинкувана шасија, ролетна од страните и на покривот, со добра церада и нов покрив. Цена по договор.

**075/664-156**

**Полуприколка ладилник Шмитц**, во исправна состојба.

**070/236-333**

**Акумулатори за возила по најниски цени.**

**071/332-279**

**Делови половни за ДАФ ХФ 105.**

**078/231-393**

## ОГЛАСИ [преку SMS и e-mail]

Испратете го Вашиот ОГЛАС како SMS на:

**070/40 11 11 и 070/40 11 07**

или како e-mail на:

**bizkontakti@yahoo.com**

Внесете го Вашиот телефон или e-mail адреса.

Во земјите од најразвиениот дел од Европа

# СО ДРОНОВИ (ЌЕ) ГИ КОНТРОЛИРААТ ВОЗАЧИТЕ

Во францускиот град Бордо, полицијата веќе објави дека почнала да користи дронови со камера, кои ги надлетуваат патиштата и ги снимаат возачите, при што досега стотици се казнети поради сообраќајни прекршоци



Француската полиција неодамна објави дека има значителен успех во борбата против прекршителите на сообраќајните правила, откако почнала да користи дронови со камера, кои ги надлетуваат патиштата и ги снимаат возачите. Овој проект стартувал во градот Бордо, каде што досега стотици возачи се казнети заради непочитување на ограничената брзина на возење, но и други ситуации и случувања по тамошните сообраќајници. Практично, дроновите регистрираат прекршоци од речиси секаков вид, при што за еден час, тие снимаат најмалку 20 возачи кои не ги почитуваат правилата.

За разлика од полицијата, самите возачи изразуваат незадоволство од оваа мерка и новина во следењето на сообраќајот во овој дел од Франција бидејќи, како што велат, сега, освен на камери и полициски патроли, мора да внимаваат и на дронови на небото. Според нив, тоа им го одвлекува вниманието од патот, па дури и им создава дополнителни предуслови за несреќи.

Претставниците на полицијата се со сосема спротивни тврдења– за нив дроновите стануваат главни асистенти во нивната работа, зашто како што наведуваат, за да се регистрира сообраќаен прекршок сега нема потреба од полициска патрола во близина на сообраќајниците. Во целина, полицијата користењето на дроновите во регулирањето на патниот сообраќај во овој регион го оценува за успешно и се очекува тоа наскоро да се користи не само во другите региони на Франција туку и во соседните земји во најразвиениот дел од Европа.

Ј.С.Б.

## ВИЦОВИ

Боки му телефонира на синот во Швајцарија:

– Синко, ти се јавувам да ти кажам дека јас и мајка ти решивме да се разведеме!

– Аман бе, тато, на овие години ли бе... И баш сега пред празниците?

– Ама не иде сине, тоа веќе не се трпи! Јави ѝ на сестра ти во Канада, јас немам сила да ѝ кажам!

Синот веднаш ѕвони кај сестра му, ѝ кажува сѐ, а таа:

– А, бе, какво оставање, пушти ги, јас ќе средам со нив!

Му ѕвони таа на Боки и му вели:

– Слушај тато! Не може да се разведете и точка! И не правете ништо додека не си дојдеме јас и бате за Нова година!

Боки го затвора телефонот и целиот радосен ѝ вели на сопругата:

– Ботке, срце, супер, децата ни доаѓаат за Нова година, спремај се да ги пречекаме!

* * *

Боки и Ботка во судница:

– Зошто се разведувате?– прашува судијата.

– Море добро е што се разведуваме! Можеше и полошо да биде!

– Зошто Боки?

– Почитуван судија замислете: август, сонцето пече, птички во дворот пеат, децата си играат во песокот, јас си седам на клупата, потта ме гали по лицето и по вратот и се прашувам– дали да станам да си земам уште едно ладно пиво? А таа, поточно оваа овде, ни два ни три: „Кога ќе ја изнесеш елката од дневната соба?"

* * *

Пријателките Ботка и Мица си разговараат:

– Замисли Мици, вчера, додека буричкав во шифоњерот, најдов плик со пари, а на него со ракописот на Боки мој пишува „За мојата сакана". Отрчав до чантата земав цели 500 денари, ги ставив во пликот и го оставив како што си беше. Си мислев Боки сака да ме изненади со вреден новогодишен подарок!

– И што се случи?

– Утрово идиотот купи гуми за автомобилот!

* * *

Последниот ден од годината е. На неколку часа пред новогодишната ноќ на касата на една бензинска пумпа:

– Ве молам, да платам бензин за 1.000 денари на пумпа број 3!

– Господине, за секое полнење за повеќе од 800 денари, добивате гратис CD „Ѕвездите на Гранд".

– Ааааа, тогаш наплатете ми двапати по 500.

* * *

Малиот Коки му пишува на Дедо Мраз:



– Дедо Мраз сакам еднорог за Нова година!

Дедо Мраз му одговара:

– Момче, дај биди реален!

Коки:

– Добро, тогаш сакам нормална девојка, која нема многу да зборува и која ќе ме сака и кога немам пари!

Дедо Мраз:

– Која боја сакаш да е еднорогот?

* * *

Полицаец запира возач:

– Дали знаете со колкава брзина возите? Каде сте се забрзале толку?

– Си одам дома. Славевме Нова година со пријателите и задоцнив. Жена ми сигурно е лута!

– Ама сега е месец мај!

– Да, да знам, затоа и брзам!

НОВА
**ГОДИНА**
НОВ
**ПОЧЕТОК**
ИСТИ **СОНИШТА**
НОВИ
**ПРЕДИЗВИЦИ**
365 **НОВИ ШАНСИ**

Среќни празници

**АМЕРИТ**
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ